НАТО И СОЈУЗНИЧКИ ВЕЖБИ (3) | „SWIFT RESPONSE 22“ | „ОТВОРЕН ДЕН“ | „MACCHI M.C. 202”

# ШТИТ

Број 152
Јуни 2022

ISSN 1857-6710
9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## Мултинационална вежба „Swift Response 22"








# Отворени денови за граѓан

Во рамките на активностите предвидени со големата мултинационална вежба „Swift Response 22“, која беше одржана на армискиот полигон „Криволак“, беше и одржувањето на  отворени денови за граѓаните на Неготино и на Штип. Граѓаните на Неготина, на 18 мај, и граѓаните на Штип, на 20 мај, имаа несекојдневна можност одблиску да ги видат возилата, опремата и вооружувањето кои се употребуваа на вежбата „Swift Response 22“.

Граѓаните на овие два града, во директна комуникација со армиските припадници, можеа да ги видат  и да разберат за сите перформанси и карактеристики на  возилата, опремата, вооружувањето и други информации. Пријатно бевме изненадени од големиот број посетители и од големата заинтересираност на граѓаните на овие два града да се дознае повеќе за вежбата, за опремата, за оружјето и за учесниците во вежбата. Сите сакаа да се фотографираат и да








# ите на Неготино и на Штип

ги разгледаат изложените експонати од блиску.
Исто така, младите жители на овие градови, на овие два настани, имаа можност да се запознаат со проектот „Биди дел од Армијата“ и со магазинот на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, „Штит“, коешто им беше поделено до последниот примерок.
Граѓаните беа очигледно задоволни од прикажаното, а ние се надеваме дека ваквите интерактивни настани, организирани од Армијата и од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, ќе продолжат и во иднина, со цел да се промовираат активностите, достигнувањата и проектите на нашата армија.

Кристина Илиевска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана https://mod.gov.mk/штит






12
**Промотор на евроатлантските вредности**

26
**На армискиот полигон „Криволак“ се одржа големата мултинационална вежба „Swift Response 22“**

# содржина

ШТИТ ■ година XIV ■ број 152 ■ јуни 2022

Инфо........................................................ 6

Јубилеи
**30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армијата** ........................ 8

Јубилеи
**Промотор на евроатлантските вредности**........................................... 12

Воена едукација
**Во сенката на целосна војна: Стратегијата на СССР за време на Студената војна**............................... 21

На прва линија
**Мултинационална вежба „Swift Response 22“**......................... 26

На прва линија
**„Отворен ден“ на Спортскиот аеродром „Стенковец“** .................. 28

Вооружување
**„IC380“ – скриено огнено оружје во облик на мобилен телефон**........................................... 32

Вооружување
**Германски млазни авиони од Втората светска војна (1)**............... 34

Вооружување
**Чатал – примитивно оружје кое се користи и денес**............................... 43

Воени музеи
**Музеј на војската на Полска**................................................ 50

Војната во книжевноста
**„Војната нема женско лице“**......... 56

**Китка – планинска убавина на само еден час од Скопје** 58





28
**„Отворен ден“ на Спортскиот аеродром „Стенковец“**

34
**Германски млазни авиони од Втората светска војна (1)**

КОН ОВОЈ БРОЈ


ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник


# *Унапредување на правата и статусот на припадниците на Армијата*

*Во текот на изминатите неколку години Министерството за одбрана покажа дека е целосно посветено и работи во насока на подобрување на статусот и стандардот на вработените во Армијата и во Министерството за одбрана. Интензивно се работеше на подобрувањето на условите за работа, се реновираа објектите во кои работат армиските припадници, се зголеми платата на припадниците, се регулираше надоместот за станарина итн. Како што се менуваат околностите така се јавуваат и нови потреби кои, за да се остварат, треба да бидат доследно и законски регулирани. Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, го повлече Предлог-законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, со цел да биде дополнет и доставен до Собранието како заеднички производ, креиран преку еден инклузивен процес на МО, ГШ и синдикатите на одбраната.*

*Министерката Петровска оствари средба со претставниците на Независниот синдикат на одбраната, со Синдикатот на одбраната и безбедноста, со Независниот синдикат на професионалните војници на Македонија, со Независниот синдикат на професионални војници и со Иницијативниот одбор на армиските пензионери. На оваа средба беше постигната согласност околу предлог-измените на Законот за служба во Армијата. На средбата, министерката нагласи дека сите предлози и сугестии од нивна страна се земени предвид и дека сите ги обединува една заедничка цел, а тоа е да се дадат најдобрите предлози за измените во Законот за служба во Армијата, со цел да се унапреди статусот и да се остварат правата на припадниците на Армијата.*

*Новите предлог-измени на Законот се однесуваат на усогласувањето со минималната плата, што значи линеарно зголемување на платите на активниот воен и цивилен персонал, правото на остварување на пензија да биде со навршување на 40 години работен стаж, односно 38 години раборен стаж за жените, без оглед на возраста, а ќе се изврши и нова пресметка за активниот воен и цивилен персонал, кој правото на пензија го стекнал од денот на формирање на Армијата во висина од 80% во текот на најповолните десет години од пензискиот стаж. Во однос на отпремнината, како можност за професионалните војници со навршени 45 години возраст, во износ од 1000 евра за секоја година помината во Армијата, новиот предлог, во согласност со барањето на синдикатите, е износот да биде две просечни плати, но не помалку од 1000 евра, така што се остава простор за повисок износ. Министерството за одбрана се обврза да ја провери можноста правото за земање отпремнина да го добијат и професионалните војници со навршени 45 години кои се задржани како помошен технички персонал во МО и да утврди дали условите за пензионирање на припадниците на Армијата може да важат за војниците кои се распоредени по навршување на 45 години во други институции, како и можноста за професионалните војници со навршени 45 години, да бидат дел од реформата на системот за управување со кризи, да бидат опфатени со Законот за критична инфраструктура и со Законот за вработени во МО.*

*Ги поздравуваме сите напори со кои се надградуваат правата и статусот на припадниците на Армијата и се надеваме дека новиот Предлог-закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија набргу ќе биде усвоен.*


„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.


ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk


ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА
0800 50030

# Сплотеност и зајакната колективна безбедност

Министерката за одбрана Славјанка Петровска, заедно со делегација од Министерството и од Армијата оствари еднодневна официјална посета на Република Бугарија. По официјалниот пречек со највисоки воени почести, министерката Петровска се сретна со својот бугарски колега,



министерот Драгомир Заков. „Новата безбедносна реалност на европскиот континент повикува на сплотеност и соработка, а нашата безбедност лежи во колективната безбедност на нашите сојузници во НАТО, бидејќи ние сме НАТО“, изјави министерката Петровска при посетата на Софија. Петровска порача дека заедничката научена лекција во изминатите три месеци е дека само кога сите сојузници во НАТО зборуваат во еден глас, кога стоиме заедно и работиме заедно, само така можеме да ја гарантираме нашата безбедност. Министерката ја поздрави одлуката на Бугарија да биде домаќин на мултинационалната борбена група на НАТО. Имајќи ја предвид безбедносната ситуација во Европа, Петровска порача дека она што во моментов е неопходно е целосна интеграција и заедништво. „Членството на Северна Македонија во НАТО значеше зацврстена безбедност и стабилност не само за нашата држава, туку и за нашите соседи, вклучувајќи ја и Бугарија која на дел од својата западна граница има земја сојузник“, рече министерката. Министерката порача дека на претстојниот министерски состанок на НАТО, како и на лидерскиот самит во Мадрид ќе се разговара за неколку важни документи за Алијансата – Агендата НАТО 2030 и новиот Стратешки концепт на Алијансата. Министерката информираше дека Владата останува посветена на правичното распределување на трошоците во рамките на Алијансата и стабилниот раст на буџетот за одбрана кој до 2024 година треба да го достигне нивото на 2 проценти од бруто-домашниот производ.

# Учество на НГШ на редовното заседание на ВК на НАТО

Началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, учествуваше на  редовното заседание на Воениот комитет (ВК) на НАТО во седиштето на НАТО во Брисел. На состанокот, со кој раководеше претседавачот на ВК, адмирал Роб Бауер, учествуваа и врховните команданти на Сојузничките сили во Европа и на Сојузничките сили за трансформација, генералите Тод Вотерс и Филип Лавињ. На почетната сесија од страна на генералниот секретар Јенс Столтенберг, пред првите луѓе на армиите на земјите членки на НАТО, беше претставена актуелната безбедносна ситуација во геостратегиски контекст, како и активностите поврзани со Самитот на НАТО кој ќе се одржи во Мадрид, Шпанија. Во предвидените сесии во согласност со агендата, началниците на генералштабовите дискутирале за безбедносната состојба поврзана со војната во Украина, имплементацијата на НАТО концептот за одвраќање и одбрана, регионалните одбранбени соработки и проектите кои се однесуваат за долгорочната одбранбена позиција на



НАТО. Генералот Ѓурчиновски во една од сесиите имаше свое обраќање, а оствари и билатерални средби со првите луѓе на сојузничките армии, преку кои се разменуваат ставови и се иницираат билатерални одбранбени активности. Донесените заклучоци, по завршување на состанокот на ВК, беа соопштени од претседавачот и врховните команданти на Сојузничките сили на прес-конференција. Началникот на ГШ за време на работната посета, присуствуваше на состанокот на Воениот комитет на Европската Унија на ниво на началници на генералштабови, каде се разговарало за воените и цивилни мисии и операции на ЕУ. За време на престојот во Брисел, генералот Ѓурчиновски оствари средби и со нашите претставници во мисијата на Република Северна Македонија при НАТО.

# Средба со генералот Петер  Ендрусјак

Министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, во Министерството за одбрана остварија средба со заменикот-командант на копнените сили на САД за Европа и Африка, генерал-мајор Петер Ендрусјак. Министерката Петровска на средбата изрази благодарност за присуството на генералот на досега најголемата вежба „Swift Response 22“ одржана во Република Северна Македонија и задоволство од текот на вежбата и активностите на армискиот полигон „Криволак“. Во тој контекст министерката рече дека ќе се продолжи со сериозни инвестиции на овој полигон кој ќе нуди можност за изведување и реализација на различни видови вежбовни активности и на кој може истовремено да се зајакнува интероперативноста помеѓу армиите.„Продолжуваме со инвестиции во Криволак, со модернизација на опремата, но најважно инвестираме во човечките капацитети со цел да се постигне повисока мотивација. Овие нешта се високо на агендата на Министерството за одбрана и на Генералштабот“, рече Петровска. Петровска ја истакна улогата на САД како наш стратешки партнер, сојузник и пријател, преку разни иницијативи во одбраната, но и на севкупната политичка поддршка во поглед на членството во НАТО и во ЕУ. Министерката Петровска рече дека кон крајот на овој месец нашите две земји ќе го започнат Стратегискиот дијалог кој опфаќа широк спектар на теми и кој уште повеќе ќе го подигне нивото на соработка. Генералот Ендрусјак истакна дека сето она што се планира за одбраната во поглед на модернизацијата и инвестициите во капацитетите е од особена важност за војниците, а во поглед на АП „Криволак“ потенцираше дека има огромен потенцијал. Генералот Ѓурчиновски на средбата порача дека во последнава година и половина многу е направено во поглед на планирањето и реализацијата на вежбата, и е горд на успешното завршување на вежбата. Ѓурчиновски истакна дека Министерството и Генералштабот активно работат на приоритетите зацртани во согласност со плановите за да имаме модерна опрема и војници, подготвени и способни да извршуваат НАТО предводени мисии.



# Одбраната прераснува во еко одбрана

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во присуство на министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, и професорот Драган Миновски од штипскиот Универзитет „Гоце Делчев“, во касарната „Илинден“ на прес-конференција го претстави Планот на Министерството за одбрана за повисоки еколошки стандарди во одбраната, со што Министерството за одбрана се позиционираше како лидер помеѓу институциите во заштитата на животната средина. Планот за повисоки еколошки стандарди во одбраната во целост ќе се реализира до 2024 година и ќе се спроведува преку четири столбови – пренамена на затоплувањето од користење на загадувачки во незагадувачки енергенси; изградба на фотоволтаични електрани на објекти во касарните; зголемување на енергетската ефикасност на армиските објекти, како и континуирано следење на влијанието на армиските активности врз животната средина. Петровска порача дека еко одбраната не е само план на хартија, туку еден од клучните приоритети на сојузничката безбедносна политика кои Министерството ќе ги реализира. „Со пренамената на затоплувањето од користење на загадувачки во незагадувачки енергенс, количината на јаглерод диоксид од армиските касарни ќе се скрати за половина. Касарната „Илинден“ е гасифицирана, а во Касарните „Страшо Пинџур“ во Петровец и „Боро Менков“ во Куманово целосно е завршена потребната инсталација и наскоро и двете касарни ќе бидат поврзани со гасовод. Касарната „Гоце Делчев“ во Скопје е веќе приклучна на скопската дистрибутивна мрежа, а во моментов се работи на приклучување




на последниот објект во оваа касарна. Пренамена на енергенсот се планира и за останатите касарни низ државата“, рече министерката Петровска. Во однос на изградбата на фотоволтаични електрани до 2024 година, министерката истакна дека заштедите на средства наменети за електрична енергија по инсталацијата на фотоволтаичните електрани се проценети на ниво од над еден милион евра годишно. На овој начин Армијата своите потреби за струја ќе ги покрива исклучиво од ова сопствено производство. Министерката информираше дека зголемувањето на енергетската ефикасност со што се заштедуваат и струја и топлинска енергија за армиските објекти веќе е во фаза на реализација - целосно се реновирани 5 големи објекти, во фаза на целосна реконструкција се 7, исто така големи објекти, а за 2023 година планирана е реконструкција на најмалку 5 објекти, низ сите касарни и за сите единици на Армијата. Мерењето на влијанието на армиските активности врз животната средина, исто така, веќе е практика. Универзитетската лабораторија „АМБИКОН“ на штипскиот универзитет, со мониторираше две големи последователни вежби во 2019 и 2021 година, а резултатите покажаа дека армиските активности немаат никакво штетно влијание врз природната средина. Мерењето се спроведуваше и за време на вежбата „Swift response 22“. Министерот за животна средина и просторно планирање, Насер Нуредини, во своето обраќање истакна: „Сметам дека извонредниот пример што го дава Министерството за одбрана преку еко одбраната е одличен практичен пример што треба да направат сите останати министерства, државни институции, а особено локалните самоуправи, бидејќи само со точен увид во состојбите може правилно да се проектираат и мерките и средствата потребни за нивна реализација“. Професорот Миновски, кој ја направи Анализата врз која е изработен Планот на Министерството, истакна дека му претставува чест што е дел од овој значаен проект кој ќе придонесе за поголема енергетска ефикасност, заштеди на енергија и еколошки придобивки и за Армијата и за државата.

# Средба со поранешните началници на Генералштабот и со Клубот на генерали

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, на 9 Мај – Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, се сретна со поранешните началници на Генералштабот на Армијата и со членовите на Клубот на генерали, со што продолжија широките консултации во процесот на трансформација на системот за одбрана, процес кој продолжува и по членството на државата во НАТО.



На средбата, министерката Петровска истакна дека професионалноста и искуството на началниците на Генералштабот и генералите на Армијата, стекнато низ годините, е од исклучително значење во процесот на развој и реформи на Армијата. „Сакам јавно дека им оддадам признание за придонесот и професионалноста во развојот на Армијата во рамките на изминатите 30 години. Нивното искуство и нивниот личен придонес во поттикнување натамошен развој на Армијата и на МО се непроценливи и затоа мојата цел е да ги отворам вратите уште повеќе за тоа знаење и искуство“, рече министерката Петровска. На состанокот, министерката Петровска и генералите заклучија дека во одбраната и Армијата нема место за политика, зашто сме застанати зад едно знаме, со заедничка цел и визија – Северна Македонија да биде почитуван и ценет сојузник и столб на регионалната безбедност. Министерката, имајќи го предвид искуството на поранешните началници на Генералштабот и сегашните и поранешните генерали во Армијата, се заложи новите студиски програми на Воената академија и другите форми на едукација во КОД да ги вклучат активните и пензионираните генерали во процесот на едукација на идните офицери во Армијата. Генералот Павле Арсоски, претседател на Клубот на генералите, ѝ се заблагодари на министерката за одбрана за средбата и за консултацијата и порача дека во Клубот членуваат професионалци коишто на вистински начин се вградија во формирањето и изградбата на вооружените сили и дека се подготвени да продолжат со своето искуство и знаење да помагаат во развојот на одбраната и Армијата.

**Во годинава кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија, достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 година не ќе беше целосно завршено, доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ и формирањето на македонски вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 година, како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминатите три децении од формирањето на АРМ од историски аспект во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание.**
**Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, опремува и обучува за да може да одговори на сите видови н закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата. Во овој и во наредните изданија на „Штит“, ќе се потсетиме на сложеноста, динамичноста и специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, нејзината улога во конфликтот во 2001 година, како и нејзиниот огромен придонес во напорите на РМ во процесот на евроатлантските интеграции.**



# 30-годишен јубилеј од формирањето

# Од идеја до изградба на систе

## Формирање на командите и единиците на АРМ

Еден од основните и најважни предуслови за формирањето на АРМ беше човечкиот потенцијал кој РМ го имаше на располагање во дадениот историски момент, со сето свое стручно знаење, искуство, мотивираност и патриотизам. Во согласност со Договорот Глигоров – Аџиќ, на сите старешини и граѓански лица на служба во ЈНА им се овозможи слободно да се определат дали ќе останат во системот за одбрана на РМ или ќе заминат заедно со единиците на ЈНА. Паралелно со тоа, во државата веќе пристигнуваа македонските старешини и граѓански лица кои ги напуштиле единиците на ЈНА од просторите на бившата Југославија и се пријавуваа во македонското МО. Авторот на овој фељтон беше меѓу првите македонски старешини, кој во јули 1991 година се пријави и се стави на располагање на македонскиот Секретаријат за народна одбрана, подоцна МО, односно 10 месеци пред официјалното формирање на АРМ. Тоа беа месеци полни со социјална и егзистенцијална несигурност за голем број старешини на тогашната ЈНА и нивните семејства. Ако на тоа се надоврзеше дилемата дали РМ ќе одлучи да продолжи сама на патот на нејзината независност, се рефлектираше на податокот дека до предвидениот рок за иселување на последниот војник на ЈНА од РМ (15 мај 1992 година), во евиденцијата на МО беа евидентирани само околу 600 старешини. Тоа, за македонските власти, претставуваше своевидно разочарување и одреден хендикеп при првичното планирање на системот на одбрана на државата, а внесуваше и одреден немир кај политичките лидери во определбата на македонските старешини и нивната верба во самостојна одбрана на РМ. Сепак, одбранбеното осамостојување на РМ беше врвен императив, клучот и условот за нејзиното конституирање како независна и суверена држава.
Процесот на формирање на АРМ во 1992 година треба да се разбере само како почеток на развојот на еден сложен, комплексен и динамичен процес на изградба на одбранбениот систем на РМ.
Напоредно со активностите врзани со заминувањето на ЈНА од државата, се одвиваа и активности посветени на новата организација на МО, формирањето на ГШ на АРМ,



# ...на македонската одбрана и Армијата ...ем на национална одбрана (4)

изработка на воената формација и нејзиното одобрување од страна на претседателот на РМ и врховен командант, изработка на Правилникот за служење на воениот рок во АРМ и други организациски дејства. Политичкото раководство за пополнување на редовите на АРМ ги имаше на располагање македонската ТО и тие кои ја напуштиле ЈНА и се ставиле на располагање на Р. Македонија. Многу време и енергија одземаа консултациите за избор на началник на ГШ на АРМ, а напоредно се одвиваше концептуална борба на спротивставени мислења меѓу старешините и политичарите за тоа дали на функцијата министер за одбрана да биде цивилно лице, при што преовлада ставот и убедувањето на политиката, за демократска контрола над вооружените сили. Според првиот министер за одбрана, Трајан Гоцевски, на воениот врв му било понудено местото заменик-министер, но истото од воените авторитети било одбиено.
Според генералот Митре Арсовски, картата за развој на АРМ, нејзината организација и формација, потпишана од страна на претседателот на РМ, предвидувала петнаесет генералски позиции за следните должности: опционално-заменик МО, НГШ на АРМ, заменик НГШ, командант на Армијата, началник на штаб на Армијата, началник на Управата за борбена готовност, началник на Управата за морал, началник на Управата за планирање, развој и финансии, началник на Управата за разузнавање и безбедност, началник на Оперативната управа, началник на Управата за воено воздухопловство и противвоздушна одбрана (ВВ и ПВО), командант на 1. армиски корпус, командант на 2. армиски корпус, командант на 3. армиски корпус и командант на ВВ и ПВО.

## Првите укази за генерали, потпишани на 16 март 1992 година

При разгледување на персоналните предлози за пополнување на генералските позиции, на состаноците во МО се јавувал силен анимозитет меѓу двете групи старешини од ЈНА и од ТО, за што сведочи и Трајан Гоцевски, кој присуствувал на истите. Спротивставените страни не можеле да најдат компромис туку предложиле министерот Гоцевски и службите на МО да ја состават листата и да му ја предожат на претседателот на РМ за одобрување и потпишување на укази што, всушност, подоцна и било направено. Како последица на тоа, во изборот за пополнување на клучни места во АРМ. Министерот, во консултации со претседателот на државата, бил принуден да прави компромис меѓу старешините од ЈНА и ТО што да се прави понатаму, а на одреден негативен начин се чувствувало и во функционирањето на АРМ во почетниот период.
По сите завршени консултации, претседателот на РМ, по предлог на министерот за одбрана, на 16 март 1992 година, ги потпишал првите укази за поставување на старешини за генералски должности во ГШ и армиските корпуси, а истите им се соопштени на 17 март. За прв началник на ГШ на АРМ



*Почесната смотра на стројот на првата генерација млади војници на АРМ ја изврши претседателот на Република Македонија Киро Глигоров*

е поставен генерал-мајор Митре Арсовски. Веднаш следниот ден, на 18 март, сите новопоставени старешини биле примени од страна на претседателот на РМ. На состанокот, претседателот на РМ, на генералите им ги презентирал замислата и задачите на АРМ која треба да се формира со основна функција за обезбедување на суверенитетот и територијалниот интегритет на РМ. Оваа задача за АРМ ни од далеку не била едноставна бидејќи требало да се изврши за кус временски период и истовремено да се следат современите западноевропски стандарди. Генералната замисла на политичкиот врв била АРМ да се гради постепено и во согласност со можностите на РМ, да биде мала по број, но организирана, обучена и оспособена да ја изврши својата мисија. Армијата да не биде агресивно настроена кон ниту еден сосед на РМ, да се исклучи каква било партиско и политичко дејствување во нејзините редови, регрутниот контингент да го одразува вистинскиот состав на населението на државата, да се води сметка за националниот состав на старешините, да се посвети грижа за војниците-регрути, а прв приоритет да биде обезбедувањето на државната граница. Понатаму, да се изврши процена од потребата за соработка со НАТО и другите армии, особено од соседните земји. Паралелно со одлучувањето за персонални решенија на клучните места во АРМ, преку подрачните единици на МО започна и процесот на регрутација на младите македонски граѓани-војници, кои на 15 април 1992 година требаше да се јават во касарните.

Во согласност со Уставниот закон, член 13, беше предвидено вооружените сили на РМ до донесувањето на Закон за одбрана да ги сочинуваат единиците, командите и штабовите на ТО. Подоцна, со новодонесениот Закон за одбрана, во членот 132, беше јасно кажано дека со влегување на сила на овој закон, единиците, командите и штабовите на ТО се трансформираат во единствен систем на одбрана на РМ. Ова докажува дека во фазата на повлекување на ЈНА од РМ, македонската ТО одигра значајна улога и го понесе најголемиот товар во преземањето и обезбедување на државната граница, касарните и други воени објекти, потоа во учеството во различни комисии за прием на средства и објекти од ЈНА, како и нормалното функционирање на воените инсталации до моментот на оспособувањето на првата генерација регрути, кои потоа постепено ќе ги преземат обврските од ТО. На средината на март 1992 година, напорите за изградба на АРМ продолжуват со ненамалена брзина, паралелно со гореспоменатите активности на терен. Извршено е донесување на неопходни акти, кадровско екипирање на пониските ешалони и материјални и други подготовки за прием на првата генерација македонски регрути. Во релативно кус временски период е донесена првата воена формација на АРМ, одлуката за организација на Армијата, уредбата за чиновите и десетина други правилници, неопходни за функционирање на АРМ. На 28 март 1992 година, свечено беше кренато македонското знаме на јарбол пред зградата на МО и ГШ на АРМ, односно пред поранешната Команда на Третата воена област на ЈНА, а од страна на ГШ на АРМ беше изработен и во деловодна книга и бепше заведен



првиот документ на новата армија. Симболиката на тој ден постои и денес преку бројот на Воената пошта на Генералштабот.

## Спротивставени идеи околу моделот на одбраната и АРМ

Тензиите и спротивставените идеи околу моделот на одбраната и АРМ продолжуваа на реалација воен-цивилен персонал, како и меѓу воениот персонал од бившата ЈНА и припадниците на ТО. Воениот врв вршел постојан притисок за изготвување на акти и прописи кои ќе го дефинираат и ќе го гарантираат посебниот третман и статус на АРМ во македонското општество. Старешините барале посебен Закон за вооружените сили, воено здравство, посебен пензиски фонд, воено судство, воено школство, ГШ, независен од МО и слично. Овие барања од страна на МО беа оценувани како нереални и спротивно на Законот за одбрана. На крајот, преовлада цивилниот и граѓански концепт за раководење на одбраната во демократско општествено уредување на Р.Македонија, а со тоа старешините на АРМ ги изгубија повеќето привилегии, статус и третман кои ги имаа како припадници на ЈНА. Изминатите безмалку три децении сведочат дека овој граѓански и демократски концепт со сите свои придобивки, но и недостатоци, сепак, беше единствено правилно решение. Кај македонските власти во првите години од осамостојувањето на државата постоеше одредена заддршка, а можеби и недоверба кон воените лица на служба во АРМ и Армијата како целина. Лесно можеше да се стекне погрешен впечаток дека од страна на политичкиот врв на РМ, Армијата се доживува како „нужно зло“, во смисла дека младата држава немаше друг избор, туку мораше да формира сопствени вооружени сили, а од друга страна посоела и претпазливост која била забележителна. Постоеја и силни струи во политиката кои заговараа демилитаризација на РМ, односно изградба на државата без вооружени сили. Единствено логично објаснување е дека политичката елита во РМ своите резерви и недоверба кон ЈНА, на одреден начин и сосема несвесно го пренесе и на АРМ, бидејќи голем дел од старешинскиот состав на АРМ, сепак, беше штотуку вратен од ЈНА. Исто така, останува фактот дека граѓанскиот и демократски коцепт на раководењето со вооружените сили во изминатите години, секоја политичка гарнитура на власт го толкуваше различно. Честопати, структурите во МО, демократската контрола над Армијата го разбираа како цивилно командување со Армијата,

што беше сосема погрешно. Во таа смисла, барањата на старешините за третманот и статусот на АРМ во општеството, како и позиционирањето на ГШ и АРМ независно од политиката, од страна на политичарите беа оценувани како нереални. Но, интензивната меѓуармиска соработка во изминатите децении и сознанијата за стандарди во армиите на НАТО државите покажуваат дека голем дел од тие барања сепак биле оправдани. Во повеќето армии на земјите членки на НАТО постои воено здравство, воени судови, воено школство, воен станбен фонд или некоја друга политика за домување на семејствата на припадниците, поволности при пензионирање и многу други олеснувања како своевиден надомест за службата кон татковината и ризиците кои ја следат.

### Прашања за кои требало и морало да постои повеќе слух

Денеска, после речиси три децении од формирањето на АРМ и нејзиниот статус во општеството, докажува дека во врска со овие прашања требало и морало да постои повеќе слух. Што се однесува до односот меѓу старешините од ТО и поранешната ЈНА, причините за анимозитетот беа од друга природа. Старешините од ТО, поради ангажманот на ТО во критичниот период при заминување на ЈНА и сиот товар кој го понесоа, сметаа дека ТО треба да биде модел за изградба во АРМ, нејзините припадници требаа да ги заземат клучните позиции, а на старешините произлезени од ЈНА се гледало како на пројугословенски ориентирани. Од друга страна, старешините од поранешната ЈНА, кои презеле важна и ризична одлука да ја напуштат ЈНА и да се преселат во РМ, во најголем број станбено необезбедени и социјално неосигурани, со истрауматизирани семејства вратени од завојувани региони и принудени во одреден период од животот да започнат нов почеток, сметаа дека со нивното изложување на ризик пред ЈНА и нивното враќање во РМ, го докажале својот патриотизам и очекуваа соодветен третман и поддршка од татковината. Тие, на своите колеги од ТО, им забележуваа за неодлучноста во изборот помеѓу македонската и југословенската опција во процесот на осамостојување на РМ, како и за удобниот живот при долгогодишната служба меѓу своите во татковината.
(Продолжува)

д-р Павле Арсоски, генерал-мајор

# Чесно го отслужив долгот кон народот и кон државата

Командата за обука и доктрини – КОД, на 15 април годинава го одбележа својот празник – Денот на единицата, ден кога во касарните во земјава пред точно 30 години, на 15 април 1992 година пристигнале првите регрути. Два дена порано, во касарната во Охрид пристигнал првиот регрут во нашата армија – 21-годишниот велешанец Панче Јамандиев. Тој, во касарната влегол на 13 април во 15,20 часот,чувајќи ја и денес со гордост воената книшка на која пишува дека воениот рок го служел од 13 април 1992 година до 12 јануари 1993 година.
Во чест на тоа што е прв војник кој го отслужил воениот рок во македонската армија, пред неколку години доби „Златна значка“ од АРМ, на која е посебно горд, а има добиено и куче-шарпланинец, исто такво какво што имал кога бил војник-граничар на македонската граница.
Јамандиев, за магазинот „Штит“, вели дека има прекрасни сеќавања од тој ден, кога бил пречекан од резервистите кои од радост го носеле на рамо. Потоа, и од старешините во касарната, тогаш капетан, а денес пензионираниот генерал Мухамет Рацај и полковникотЈосип Хајба, со кои првиот ден ручал и вечерал. Првиот ден вежбал местење на војнички кревет, а пред почетокот на обуката работел и на војничкиот разглас во касарната, а кога дошле и другите резервисти, тие биле обучувани за граничари. „Обуката траеше 35 дена, а ја поминав со рачен фрлач, потоа добив прекоманда. Тогаш првата генерација македонски војници сите бевме граничари. Кога заврши обуката од касарната во Охрид ме префрлија во касарната во Битола. Потоа, со останатите војници нè распределија по караулите долж границата. Мене ме испратија да бидам граничар на караулата „Преслап“, Битолско. Таа единица во касарната во Битола беше Специјална единица за обезбедување на државната граница од караулата „Маркова меана“, Љубојно, Преслап, Лерински Пат, Меџитлија, Гермија, Живојно, Кајмакчалан ,Кочани и Старавина“, појаснува Јамандиев.
Тој оценува дека чесно го отслужил долгот кон народот и државата, без ниту еден ден отсуство. „Во тоа време на Балканот вриеше, за жал, многу мајки беа завиени во црно, а на север беснееше страшна војна. Се нижеа денови и месеци, а често имав и средби со нелегалните минувачи на границата. Караулата, каде што бевме сместени, беше на патека која се издигаше високо, мислиш до небото. Тука го засакав и шарпланинецот, нераздвоен борец и соборец“, потенцира Јамандиев.
Панче Јамандиев, на секој 15 април е поканет на празникот на Командата за обука и доктрини – КОД, а така беше и на свеченоста оваа година.
На крајот од прославата, тој се сретна, разговараше и се ракуваше со министерката за одбрана Славјанка Петровска и со началникот на ГШ на Армијата на Република Северна Македонија, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски.

А.Д.






# Промотор на евроатлантските вредности

На 29 април 2022 година во Домот на АРСМ во Скопје се одржа централното одбележување на 70-годишнината од формирањето на Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македоноија – Свечена седница на Собранието, како највисок орган и Свечена академија

На овој свечен чин присуствуваа голем број гости, меѓу кои: министерката за одбрана, Славјанка Петровска, началникот на Генералштабот на АРСМ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, државниот секретар во МО, Драган Николиќ; првиот министер за одбрана, проф. д-р Трајан Гоцевски и командантот и началникот на Командата на резервните сили, полковниците Киро Калков и Нецат Лимани. Покрај нив, на свеченоста беа присутни и претставници на Здруженијата на резервните офицери на Словенија и на Албанија.

По повод 70-годишнината на ОРОРСМ, за значајниот придонес во остварувањето на програмските цели и задачи на Организацијата и придонесот во јакнењето на одбранбениот систем, одлучено е на 665 активисти, органи и организации, да им бидат доделени признанија (плакети, значки и благодарници), од кои еден дел им беа врачени на оваа свеченост, а на другите ќе им бидат врачени дополнително, на свеченостите што ќе бидат организирани во ООЕ на ОРОРСМ.

Во оваа пригода, Голема плакета на Организацијата им беше врачена на: претседателот на државата, Стево Пендаровски, министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на Генералштабот на АРСМ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и на Средноевропската асоцијација ГАМИНГЕР-иницијатива.

Поздравно обраќање пред присутните на свеченоста имаше претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, кој направи кус приказ на развојниот пат на Организацијата, од нејзиното формирање во 1952 година, до денес.

Приказната скромно започна да се пишува на 29 април 1952 година кога борците-учесници во НОВ, кои во текот на антифашистичката борба се стекнаа со офицерски чинови, формираа Здружение на резервни офицери на Македонија, оцени на почетокот претседателот д-р Георгиев. „Она што ја краси нашата Организација е фактот дека од самиот почеток таа континуирано дејствува како самостојна и неподелена по партиска, идеолошка и национална основа. Нераскинлива е соработката со органите за одбрана, со Армијата и со сите сродни оганизации, особено со оние кои во своите активности опфаќаат содржини од областа на одбраната и безбедноста. Кога се потсетуваме на изминатиот пат можеме слободно да истакнеме дека нашата организација има неколку развојни фази кои оставија траен белег во нејзината биографија.

Најзначен период е почетокот на 1991 година, кога Република Македонија

стана самостојна и независна држава и се оствари идеалот на илјадници македонски синови за слободна и независна македонска држава. Во тој период резервните офицери и подофицери главно беа ангажирани во единиците на Територијалната одбрана и храбро застанаа на браникот на татковината, преземајќи ги караулите и обезбедувајќи ги државните граници на републиката.
Денес во Организацијата членуваат околу 5.000 резервни офицери и подофицери од кои, околу 2.000 се резервни офицери до 55-годишна возраст, што претставува респективен кадровски потенцијал, потребен за одбрана на државата. Тие, даваат значаен придонес во развивањето на одбранбениот систем и за изградбата на одбранбената култура.
ОРОРСМ, на 24 септември 2017 година стана полноправна членка на ГАМИНГЕР-иницијативата, а на 7 август 2021 г. беше примена како полноправна членка на CIOR (Меѓусојузничка конфедерација на резервните офицери) во која членуваат 27 национални асоцијации", истакна, меѓу другото, претседателот, д-р Гоце Георгиев.
„Денешната Организација на резервни офицери помина низ неколку развојни фази, давајќи свој придонес кон градењето слободна и независна држава, негувајќи ја слободарската и мироољубива традиција што нѐ обединува сите нас како граѓанки и граѓани, нагласи во своето обраќање министерката Славјанка Петровска. Вие, резервните офицери, практично претставувате линк помеѓу воената структура и цивилното општество за безбеден и мирен заеднички живот во евроатлантското семејство на сите земји".





Давајќи високи оценки за местото и улогата на резервните офицери во општеството, таа истакна: „Организацијата на резервните офицери е пример на модерно дејствување и промотор на евроатлантските вредности и на современото разбирање за улогата во општеството".
Значителното намалување на активната компонента и укинувањето на редовното служење на воениот рок, го зголеми значењето на резервните офицери и на резервата воопшто.
Целокупната готовност повеќе не зависи од активниот состав, туку и од достапноста на резервниот состав кој стана важен дел, како за државниот така и за меѓународниот воен капацитет.
„Знаењето, вештините и вашето искуство кое може да се искористи за доброто на нашата земја е од непроценливо и незаменливо значење со кое се придонесува за ширење и промовирање на безбедноста и мирот во Република Северна Македонија и пошироко во Евроатлантскиот регион". Кон крајот на своето обраќање, министерката Петровска потсети: „Моделот на организираност на резервните офицери во функција на безбедноста и мирот има позитивно влијание врз безбедносната стратегија и политика на Република Северна Македонија.
Резервните офицери, секојдневно, преку своите цивилни професии, прават обид кај граѓаните да се подигне свеста за мирот и безбедноста, притоа вклучувајќи активности за рано предупредување, превенција на конфликтите и чување и градење на мирот".
Големиот јубилеј на Организацијата го честиташе и претседателот и врховен командант на вооружените сили, Стево Пендаровски, кој во поздравната телеграма нагласува: „Ви честитам за активностите што ги извршува на меѓународен план средноевропската платформа ГАМИНГЕР, која од август минатата година, е и полноправна членка на CIOR. Воедно, ова ја потврдува вашата заложба преку воена дипломатија и размена на искуства да ги зајакнете капацитетите и да придонесете во ефективното соочување со безбедносните закани на нашиот континент. Посебно вредно за одбележување е реализацијата на бројни обуки во областа на одбраната, како и континуираната публицистичка дејност преку издавање на весникот 'Офицер' и други публикации. Убеден сум дека со вашите понатамошни активности ќе продолжите да ја развивате Организацијата во интерес на стабилноста и територијалниот интегритет на нашата држава, како предуслов за мирот, безбедноста и демократскиот развој на македонското мултиетничко општество".

Живко Трајановски



# НАТО и сојузнички вежби (3)

Учеството во вежбите на НАТО е една од опциите кои имаат цел да им се помогне на земјите со нивните реформи во одбраната. Вежбите обезбедуваат можност за земјите членки на НАТО и за партнерските нации да ги тестираат своите системи и реформите кои се спроведуваат на национално ниво, во согласност со способностите, оперативните барања и приоритетите. Образложението за планирање и извршување на воените вежби е да се подготват командите и силите за операции во време на мир, на криза и на конфликти.

## Позначајни вежби на НАТО

**„Joint Warrior“**

Вежбата „Joint Warrior“ е голема мултинационална воена вежба која се одржува двапати годишно во Обединетото Кралство, претежно во Шкотска и во Ирското Море, во области каде што има слобода за маневрирање во длабока и плитка вода, мал број на цивилно население и слаб воздушен и поморски сообраќај. Ваквите услови обезбедуваат идеални услови за обука. Живите вежби се одржуваат на различни воени полигони во пролет и есен со времетраење од две недели. Таа е организирана од Министерството за одбрана и е една од најголемите воени вежба во Европа. Може да вклучи воен персонал до 13.000 припадници од британските вооружени сили, силите на НАТО и другите сојузнички земји кои учествуваат во колективна обука во подготовка за распоредување како Combined Joint Task Force. Оваа серија на Здружени поморски вежби започнала по Втората светска војна за да се подобри соработката помеѓу Кралската морнарица и Кралското воздухопловство во противподморничко војување. На кралската морнарица, кралските воздухопловни сили и британската армија им се придружуваат силите од 13 други нации, вклучувајќи ги Белгија, Канада, Данска, Франција, Германија, Латвија, Холандија, Норвешка, Шпанија, Турција, Јапонија, ОАЕ и САД.

Двете постојани поморски групи на НАТО - Standing NATO Maritime Group 1 (SNMG1) и Standing NATO Mine Countermeasures Group 1 (SNMCMG1), се дел од оваа вежба, а истата обединува обука и тренинг на учесниците во повеќе домени и средини и според сценариото, се вклучени подводни, воздушни, површински, копнени, како и електронски и информациски инциденти и настани. Или, како што ќе истакне командантот на една од постојаните поморски групи: „Влеговме во вежбата како група бродови со високо ниво на подготвеност, но заминуваме во уште подобра форма и со зајакнати способности“, од каде се доаѓа до заклучок дека резултатите и научените лекции од вежбата се исклучително значајни. Вежбата обезбедува низа предизвикувачки сценарија, вклучувајќи кризни

и конфликтни ситуации со кои реално може да се соочат силите на Алијансата во своите операции (спорови за територија, терористичка активност и пиратерија). Сценариото е така дизајнирано за да овозможи активности во опкружување со повеќе закани од различни правци и со исполнување на целите на обуката со интеграција на различни способности (Maritime Task Force Deployment, Mine Countermeasures, Counter-Piracy, Drugs and Insurgency, Electronic Warfare, Anti-Submarine and Anti-Surface Warfare, Logistics and Support Training, Air-Land Integration, Air Maritime Integration).
Во една ваква вежба вообичаено учествуваат до 50 поморски бродови, бројни копнени единици и околу 75 воздухоплови, што претставува широк спектар на способности за воздушна моќ (Intelligence Surveillance Target Acquisition and Reconnaissance (ISTAR), Maritime Patrol Aircraft (MPA), Command and Control (C2), Attack And Support Helicopters), при тоа со реализација на повеќе од 100 летови од различни бази на дневна основа. Различни типови на авиони од странски држави исто така се распоредени на аеродромите, како што се на пример француските Dassault Mirage 2000N и Dassault Rafales, шведските авиони SAAB Gripens, португалските General Dynamics F-16 Falcons и американските Sikorsky HH-60G Pave Hawks кои се користат за борбено пребарување и спасување. Операциите вклучуваат воздушни напади, борба против бунтовниците, пиратерија и меѓудржавна војна.

**„Locked Shields"**

Вежбата „Locked Shields" е најголемата и најнапредната вежба во доменот на сајбер-одбраната во светот. Организирана е од НАТО кооперативниот центар за сајбер-одбрана (Центар за извонредност) во Талин, Естонија. Во вежбата учествуваат околу 2000 експерти за сајбер безбедност од околу 25 нации. Се организира од 2010 година каде учество земаат безбедносни експерти кои ги штитат националните ИТ системи. Покрај нив учествуваат и службеници за политички работи, правни советници од сојузниците и партнерите на НАТО, како и Естонските одбранбени сили, Британската армија, Европската команда на Соединетите Американски Држави, Финските одбранбени сили, Шведскиот одбранбен универзитет и Технолошкиот универзитет во Талин. Индустриските партнери се исто така тесно вклучени во настаните од својата област. Едно од сценариото на вежбата беше експертите да ги бранат услугите и мрежите на воените воздухопловни бази на фиктивна земја од сајбер-напади кои се насочени кон електроенергетскиот систем на базата, беспилотните летала, воените командни, контролните системи и другата инфраструктура. Понекогаш се симулираат околу 4000 сајбер-напади. Додека ИТ-експертите ќе се обучуваат да ги бранат компјутерските мрежи и да се справат со правните и форензичките предизвици, службениците за политика ќе ги спроведуваат своите процедури при донесување на одлуките.
Во текот на 2021 година, Центарот за сајбер-безбедност на НАТО го предводеше тимот на НАТО, составен од речиси 60 експерти кои пристигнаа од Агенцијата на НАТО за комуникации и информации (NCIA), како и од другите тела на НАТО. Повеќето од 10-те НАТО сојузници со своите тимови мораа да бранат околу 5000 виртуелизирани мрежи кои вклучуваат различни услуги и платформи, симулирајќи ги и цивилните и воените системи, притоа справувајќи се со сајбер-инцидентите од поголеми размери. Меѓу другото Агенцијата на НАТО за комуникации и информации раководи со Центарот за сајбер-безбедност на НАТО и истиот ги брани мрежите на НАТО 24/7, а овој центар е на првата линија за одговор од заканите за мрежите на НАТО.

Драган Павловски





## Кондиционо-едукативен марш

Според Програмата за обука на Општинската организациона единица (ООЕ), со која раководи резервниот капетан Цветко Кузески, на 7 мај беше организиран кондиционо-едукативен марш. На маршот, што се организираше на релацијата с. Горно Лакочереј – Манастир „Св. Спас“, во должина од 3 км, учествуваа 100 офицери од 7 ООЕ (Скопје, Тетово, Битола, Кичево, Демир Хисар, Прилеп и Охрид).



Пред почетокот на маршот, учесниците го посетија вечното почивалиште на Благојче Крстаноски, кој како припадник на безбедносните сили загина на 7 април 1999 година на караулата „Горно Блаце“. Во с. Ливоиште, на спомен-обележјето, за животот на Крстаноски, пригоден збор имаше претседателот на ООЕ на ОРОРСМ Охрид, Цветко Кузески кој, притоа, нагласи дека храбриот бранител на татковината, претседателот и врховен командант на вооружените сили, Стево Пенадаровски, постхумно го одликува со Орден за храброст, а покрената е иницијатива една улица во Охрид да го носи неговото име. Исто така, од оваа година, името Благојче Крстаноски е содржано во Календарот на значајни настани што се чествуваат во Општина Охрид. Во знак на почит, претставниците на 7-те ООЕ, на спомен-обележјето положија свежо цвеќе.
Во подножјето на планината Мазатар се наоѓа манастирот „Св.Спас“, изграден 1450 година. Според кажувањето на претставникот на манастирот, Љупчо Димоски, во текот на илинденскиот период, овде често престојувала четата на војводата Петар Чауле, подготвувајќи ги своите акции во Охридскиот регион.
Претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, во оваа пригода, учесниците на маршот ги информираше за текот на активностите по повод 70-годишнината од ОРОРСМ.
По завршувањето на оваа еднодневна обука, дружењето продолжи со заеднички ручек во манастирската трпезарија – традиционалното војничко гравче, што го подготвија припадниците на Четвртиот пешадиски баталјон во Кичево.

## Одлични резултати во гаѓање со АП 7,62

Врз основа на Програмата за обука и едукација во 2022 година, а во согласност со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на 14 мај, на стрелиштето „Осој“ во близина на с.Осој, Кичевско, беше организирано подготвително гаѓање на реден број 1 со АП 7,62 мм. На оваа еднодневна обука во функција на усовршување на воените вештини во ракувањето со пешадиско оружје учествуваа 80 резервни офицери и подофицери од 8 ООЕ (Кичево, Охрид, Прилеп, Битола, Демир Хисар, Македонски Брод, Тетово и Скопје). Логистичката поддршка беше на Четвртиот пешадиски баталјон со кој командува потполковник Горан Трајаноски, а гаѓањето го следеше полковник Нeџат Лимани, началник на Командата на резервните сили.
Пред почетокот на гаѓањето, претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце Георгиев, ги запозна учесниците со текот на активностите во одбележувањето на 70-годишнината на ОРОРСМ.
Раководител на гаѓањето беше поручник Драган Николески, а негов помошник беше Драган Ристевски.
Потпоручникот Ристевски ги запозна учесниците на гаѓањето со мерките за безбедност на стрелиштето, а постариот



водник I класа, Хатип Имери, на оние кои првпат гаѓаа, им ги објасни постапките при ракувањето и нишанењето со АП 7,62 мм.
На гаѓањето се постигнати одлични резултати (45 ученсици се оценети со „Надминал стандард“, а 25 со „Поминал“). Според коментарот на раководителот на гаѓањето и неговиот помошник, ваквите резултати се повисоки од оние што ги постигнуваат професионалните војници. За одличната организација на оваа обука, значајно е ангажирањето на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Кичево со кое раководи резервниот капетан Зоран Никодиноски.
Еднодневното дружење заврши со заеднички ручек во касарната „Чеде Филиповски - Даме“ со традиционалното војничко гравче.

## Чествување

На 4 и 9 мај, резервните офицери и подофицери од Делчево чествуваа две значајни годишнини кои претставуваат израз и потврда на слободарските традиции од нашето



историско минато.Станува збор за одбележувањето на 119-годишнината од загинувањето на идеологот, организатор и водач на македонското национално ослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Гоце Делчев, кој годинава се совпаѓа со 150-годишнината од неговото раѓање, како и со Денот на победата над фашизмот и со Денот на Европа. На чинот на чествувањето што го организира локалната самоуправа, пред споменикот во центарот на градот, учествуваа поголем број граѓани, претставници на политички партии и здруженија на граѓани, а пригоден рецитал презентираа членовите на КУД „Гоце Делчев“.
Претставниците на ООЕ на ОРОРСМ Делчево, предводени од претседателката, Светлана Илиевска, положија свежо цвеќе во знак на почит кон делото на Гоце Делчев, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа.
Во знак на почит кон великанот Гоце Делчев, на неговото вечно почивалиште во црквата „Св.Спас“ во Скопје, свежо цвеќе положија и претставници на Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија.

Живко Трајановски




# Под знамето на ОН

## Употреба на сила во мировните операции ONUC во Конго (1960 – 1964 г.)

Мисијата UNEF на Блискиот Исток сè уште била актуелна во миротворството по воспоставување норми за дејствување, кога Советот за безбедност (СБ) на ОН изгласал резолуција за распоредување на мисијата Opération des Nations Unies au Congo – ONUC во Конго

Конго била поранешна белгиска колонија која штотуку прогласила независност, но која ја било зафатила граѓанска војна. Во таквата ситуација, сите фракции и сецесионистички провинциски власти имале свои странски поддржувачи, и употребата на сила од страна на „сините шлемови“ неизбежно станало исполитизирано и контроверзно прашање. Под такви услови, биле легитимни прашањата во врска со мандатот на мисијата и дали тој ги пречекорил овластувањата, но и за тоа колку ООН може легитимно да се меша во внатрешните работи на суверена држава без нејзина согласност, особено во отсуство на функционална национална влада. Но, и покрај тоа, по распоредување на силите на ONUC во јули 1960г., биле преиначени дотогашните воспоставени правила за употреба на сила и мировната мисија била претворена од оддржување на мирот (peacekeeping) во спроведување мир (peace enforcement).
Почетниот мандат на мировниците во Конго бил да го верификува повлекувањето на белгиските сили од Република Конго и да обезбеди техничка помош на тамошната влада во одржувањето на законот и редот. Со тек на времето, се покажало неопходно да се пружа помош и во зачувувањето на територијалниот интегритет и политичката независност на државата, спречувањето на појава на граѓанска војна и протерување од државата на странските воени и паравоени формации и платеници. Секоја фаза од исполнувањето на мисијата била анализирана од аспект



на употреба на сила и за секоја поединечно бил потребен поинаков пристап. Некои од нив биле извршени целосно со дипломатија, за други била потребна само демонстрација на сила, а биле моменти кога употребата на сила во самоодбрана била неопходна. Особено во почетоците на распоредување на теренот, мировниците се соочиле со целосен хаос и честопати го правеле она што сметале дека е можно да се направи, особено да спасат невини животи.

## Распоредување и одржување на слободата на движење

Распоредувањето на „Сините шлемови“ било договорено со владата на Конго, иако на терен немало целосна согласност за операцијата од страна на бунтовничките елементи на Националната армија на Конго (Armée Nationale Congolaise – ANC) и провинциските лидери. Пружање сериозен отпор кон истите од страна на единиците на ONUC би бил катастрофален, со оглед на бројноста и расположивите воени капацитети. Меѓутоа, ОН не наишле на значителен отпор од населението. И ANC повремено соработувале со нив, а некои единици дури и доброволно се разоружале. Веднаш по распоредувањето на мировниците на терен, започнале и нападите од страна на недисциплинирани лица или единици на ANC, како и припадници на разни племиња. Посериозни по природа и потешки за решавање биле нападите на ANC врз централната власт во државата. Со тоа, војниците на ОН биле принудувани да употребуваат значителна сила за одржување на нивната слобода на движење по Конго. Реакциите на ONUC на специфични инциденти се разликувале, од употреба на сила која била оправдана, преку минимум употреба во самоодбрана, па до инциденти кои резултирале со значителни жртви на страната на мировниците (заради недостаток на соодветна борбена моќ, разузнавачки информации, на борбено искуство, па и конфузија при примената на правилата на ангажирање). Првиот сериозен судир помеѓу мировните сили и ANC се случил во август 1960г. Војниците на ANC насилно влегле во авиони на ОН на аеродромот во Леополдвил, впериле пиштоли кон екипажот, ги исфрлиле цивилите и претепале неколку војници. Најблиските сили на ОН не успеале брзо да пристигнат, но сепак ги одбраниле. Претставници на ONUC преговарале и војниците на ANC се повлекле. Настанот веднаш поттикнал јавна дебата за правилата за употреба на сила во операцијата (Rules of engagement – ROE). Вториот инцидент се случил во ноември 1960г. И покрај предупредувањата дека е неопходно поголемо внимание во соработката со претставници на племињата, ирска патрола западнала во заседа и била нападната. Патролата била поделена на две групи и масакрирана. Само двајца од војниците успеале да избегаат и да се спасат. Во извештајот на Агенцијата за контрола на вооружувањето (ACDA), било наведено дека овој инцидент се должи на неправилната примена на правилата за употреба на единицата и недостатокот на борбено искуство. Од страна на командантите на силите на ONUC се верувало дека масакрот можел да биде избегнат ако патролата отворила оган веднаш, наместо да чека до последен момент, и дека наредбата за отварање оган само во краен случај веќе била неприменлива во вакви услови. Наскоро по овој, се случил и третиот инцидент, кога силите на ANC се заканиле дека ќе го киднапираат амбасадорот на Гана во Конго, кој бил прогласен за persona non grata. Командантот на силите на ONUC верувал дека соодветна концентрација на сила пред амбасадата на Гана и „дискретна демонстрација на сила“ би можеле да ја задржат ситуацијата под контрола. Но, и покрај инструкциите за крајна внимателност, справувањето со ситуацијата резултирало со вооружен конфликт помеѓу „сините шлемови“ и војската на ANC. Во инцидентот загинал командантот на гарнизонот на ANC во Леополдвил и еден припадник на силите на ОН. После ова, дилемата на ГС на ОН била: Како да се искористи присуство на мировници и моќ како фактор, без притоа да мора да биде докажана нивната подготвеност за употреба на сила?








Првични задачи за ONUC во врска со воспоставување на јавниот ред вклучувале: патролирање во одредени области, разоружување на цивили и воени формации, спасување и евакуирање цивили и ранети од погодените области и воспоставување и заштита на одредени подрачја и бегалски кампови



## Катанга

Најобемна употреба на сила од страна на мировниците во Конго се случила во сецесионистичката провинција Катанга. Воените ангажмани таму биле и најконтроверзни во мисијата ONUC, од причина што тие немале овластувања за спречување на отцепувањето на таа област од Конго, и секако не со употреба на сила, што се смета како мешање во внатрешните работи на земјата. Со оглед на тоа што Катанга не дозволила влез на мировни сили во провинцијата, и неколку месеци по нивното пристигнување, СБ на ОН изгласал резолуција со која се инсистирало на влез на силите на ОН во Катанга. И покрај овие правни ограничувања, на крајот „сините шлемови“, преку употреба на сила, предизвикале колапс на сецесијата на Катанга.

По самото влегување во Катанга во август 1961г., силите на ОН ја започнале операцијата „Rumpunch“ со мандат спречување на граѓанска војна. Биле опколени и ставени под надзор: локалното радио, командата на жандармеријата, аеродромот, поштата, и други значајни објекти. Следело апсење на странски платеници во состав на силите на провинцијата. Околу 100 такви лица биле префрлени во база на ОН и, подоцна, протерани од Конго. Во акциите, мировниците не биле принудени на употребе на сила.

По овој успех на мировниците во Катанга, следела операцијата „Morthor“, во која била употребена значителна сила и трансформирање на ONUC од операција peacekeeping во peace enforcement. За разлика од „Rumpunch“, мировните сили во операцијата „Morthor“ веднаш се соочиле со жилав отпор од страна на населението, што за нив било изненадувачко. ОН официјално го обвиниле избувнувањето на борбите кои започнале со отварање оган од зградата на белгискиот конзулат. По заземањето на конзулатот, по тешки борби биле заземени и радиостаницата и поштата. Наскоро следеле контранапади од ANC. Силите на ОН продолжиле со акцијата и го уапсиле заменик претседателот на провинцијата (иако планот бил да се уапсат и сите министри на локалната влада). Претседателот на Катанга во тие моменти побарал прекин на огнот и се согласил да го прогласи крајот на независноста на Катанга. Оружените конфликти помеѓу „Сините шлемови“ и силите на Катанга продолжиле наредните осум дена. Биле нападнати од воздух база и единици на ОН. Во меѓувреме чета со 150 ирски војници била опколена и нападната од копно и од воздух од страна на локалната жандармерија. Војниците одбиле да се предадат и се бореле цели 4 дена. Загинати мировници немало.

Со неуспехот, операцијата на ООН во Катанга навлегла во нова фаза. ONUC веќе имала потреба од нови воени способности и планови. Во исто време, локалната жандармерија ги вознемирувала мировниците и го ограничувала нивното движење, поставувајќи блокади на патиштата кои ги користеле припадниците на ONUC. Бил нападнат и камп со бегалци. Локалните медиуми започнале анти-ONUC пропаганда. Кулминација било киднапирањето и малтретирањето на двајца официјални цивилни претставници на ОН. Силите на ОН веднаш биле овластени да го воспостават мирот и слободата на движење, со сите расположиви средства. Во борбените операции биле убиени дваесетина а ранети повеќе од 80 припадници на „сините шлемови“.

## Научени лекции

1. Операциите дизајнирани како „peacekeeping“, намерно или ненамерно, не би требало да бидат преиначени во „peace enforcement.“ Ваквата трансформација ја доведува во прашање согласноста на страните во конфликтот и непристрасноста. Границите на peacekeeping прв пат биле проширени на peace enforcement со Операцијата „Morthor“,

како резултат на погрешно тумачење или злоупотреба на инструкциите од страна на локалните официјални претставници на ООН.
2. Употребата на сила е несоодветен инструмент за извршување на дискретни политички цели во мировна операција. Се очекувало противниците на мисијата ONUC да го разберат и прифатат уверувањето дека употребата на сила од страна на припадниците на ОН не вклучува мешање во внатрешните работи на земјата, туку обезбедување слобода на движење на силите на ONUC, со цел спречување на граѓанска војна и надворешно мешање во државата. Во Конго, ОН јасно го фаворизирале територијалниот интегритет и суверенитет на државата, иако се очекувало мировниците да се непристрасни кон сите фракции подеднакво.
3. Воената компонента на мировните операции би требало да одговори на очекувањата кои произлегуваат од нивниот мандат, во однос на заканите и употребата на сила. Во случајот на ONUC, „сините шлемови“ биле со лесно пешадиско вооружување, сили распоредени на огромна територија, во неколку наврати спречувана да употреби сила. И за самото нивно поставување помеѓу завојуваните страни била неопходна поголема воена сила од онаа со која располагале мировниците. Биле потребна и подобра логистика, поефикасно командување и контрола, подобро собирање разузнавачки информации, повеќе заштитна опрема и оружје, како и подобро обучени и интегрирани едиици.
4. На ООН и недостасувала доктрина за употреба на сила, со што би ги разјаснила сите отворени прашања, особено околностите под кои е соодветно или несоодветно да се користи сила. Одредбите од доктрината би требало да се преточени во концепт на операции, стандардни оперативни процедури и правила за ангажирање. Овие акти, во операцијата во Конго биле импровизирани.
5. Напорите кои се прават на политичката сцена можат да ја направат употребата на сила поефективна, да ја намалат потребата за нејзина употреба или истата да биде непотребна. ООН воглавно го практикуваат тоа. Директното инволвирање на ГС на ОН во изнаоѓање политички решенија во Конго спречило појава на уште поголема катастрофа.
6. Кампањата на ОН за ефективно информирање на јавноста,

Во воспоставувањето на јавниот ред и превенирањето од граѓанска војна, силите на ONUC биле во ситуации да употребат сила, иако минимална и главно во самоодбрана. Единствено акцијата во Катанга имала поинаков пристап. Мировниците биле строго ограничени во мерките кои можеле да ги преземат за зачувување на законот и редот

вклучително и преку медиуми (радио) е особено важна. Таа не била вклучена во операцијата од почетокот, и се претпоставува дека насилството во Катанга можело да биде избегнато.
7. Мировните операции се политички почувствителни од воените кампањи, и затоа налагаат построга политичка контрола. Подобро командување и контрола, во комбинација со оспособено цивилно раководство е гаранција за избегнување инциденти како што била операцијата „Morthor“.
8. Принципот на самоодбрана, темел на мировните мисии, бил подложен на безброј модифицирања, за што била неопходна внимателна дефиниција и примена на истиот. Во Конго постојано се применувал во разни форми, сè до негово користење за маскирање на спроведувањето мир.
9. Воздухопловната поддршка, како инструмент за постигнување на цели во мировни операции на ОН, е сложено прашање. Иако таа овозможува безбедно дејствување на силите на ОН, а со тоа и избегнување непотребни жртви, тоа е почувствително политичко прашање отколку употребата на копнените единици. Таквата поддршка на операциите може да биде загрижувачки непрецизна и да постои опасност од цивилни жртви.
12. Употребата на полициските сили е особено важна во внатрешнодржавните конфликти, особено кога главниот проблем е анархијата. Дури и кога полициските единици немаат конкретни задачи, тие можат да ѝ помогнат на локалната полиција поефикасно да ги извршува обврските, со набљудување, помош и обука, а со тоа да ги ослободат и воените состави од такви обврски за кои не се обучени и опремени.

М.С.





# Во сенката на целосна војна: Стратегијата на СССР за време на Студената војна

Победата во Втората светска војна за СССР, сепак покажала некои критични слабости: (1) лесно пробојни и порозни граници; (2) недостаток на пристап до главните поморски коридори и (3) недостаток на капацитети за распоредување и одржување на вооружените сили надвор од територијата на СССР. Стратегијата на Советите се основала на потчинување и на присилба на сопствениот народ, на сојузниците и на странските комунисти на напорите за преживување и проширување на СССР, кој била опколена од непријатели. Намерата била да се претворат претрпените тешки загуби за издвојување на големата победа – Втората светска војна во трајна безбедност, а СССР да се претвори во непробивна тврдина.

За постигнување на зацртаните цели биле поставени два главни услови. Првиот главен услов бил да се изгради силна военоиндустриска основа. Вториот главен предуслов бил територијално проширување. Била дефинирана максимата:

За Сојузот на Советските Социјалистички Републики (СССР), победата во Втората светска војна, односно во Патриотската војна, обезбедила оптимизам, самодоверба и легитимитет за режимот кој владеел. Според Владимир О. Печатов (Vladimir O. Pech,atnov, „The Soviet Union and the World"), тој стекнат легитимитет во СССР обезбедил дополнителна внатрешна дисциплина и послушност и концентрација на ресурсите

„Колку повеќе територија имаш, толку си побезбеден", односно било официјализирано „одбранбеното проширување". „Воскреснувањето" и зголемувањето на претензиите од времето на Руското Царство било направено под превезот на заштита, „мекиот стомак на Русија", односно Јужна Русија и пределите околу денешните градови Ростов на Дон и Волгоград, како главен стратегиски правец кој го поврзувал европскиот дел на СССР со Казахстан и Узбекистан, без притоа да се минува низ нестабилниот Кавказ. За Соединетите Американски Држави (САД) преовладувало гледиштето дека се голема сила но, сепак, далечна, и дека во догледен период ќе се повлечат од Европа. Гледиштето на Иван Мајски, амбасадорот на СССР во Обединетото Кралство (ОК) за време на Втората светска војна гласело вака: „Постои една голема копнена сила и тоа е СССР и една голема поморска сила, е тоа е Обединетото Кралство", говори за извесен деминутивен пристап на Советите кон моќта и присуството на САД во Европа.

Тајниот развој на нуклеарното оружје во САД бил примен како антагонистички пристап од сојузниците кон СССР. Кај сојузниците, пак, ширењето на влијанието на СССР во Европа и во светот било примено како правична распределба на придобивките од

војната за победниците, посебно заради претрпените жртви во СССР. Таа распределба на придобивките, во одредена мерка, го задоволува и Сталин, кој во еден наврат изјавил: „Русите се одлични воини, но не знаат како да го одржуваат мирот. Царска Русија победувала во војни, но не знаела како да ги искористи придобивките од војните.“ Промената на односот на САД кон СССР, по промената на администрацијата и доаѓањето на претседателот Труман, било примено како навреда. Советите се почувствувале како „непотребни“ по остварената победа врз нацистичка Германија.
На Конференцијата во Потсдам, одржана во период од 17 јули до 2 август 1945 година, Советите не успеале да добијат излез на Средоземното Море или поморски бази во Босфорот или на Дарданелите, но успеале да го формализираат своето влијание врз поголемиот дел од Балканскиот Полуостров. Развојот на нуклеарното оружје на САД ја разбило перцепцијата на САД како далечна сила и ги разрушило надежите на Советите за територијални проширувања на Далечниот Исток и во Јапонија. Тие придобивки, според мислењето на Советите, биле осигурени на претходната конференција на Јалта, одржана во период од 4 до 11 февруари 1945 година. Дополнително, одбивањето на сојузниците да го признаат комунистичкото раководство на Романија и на Бугарија било препознаено како закана, основана на развојот на нуклеарното вооружување во САД и недовербата кон претседателот Труман била зголемена. Одбивањето на САД да прифати елементи за советска контрола над Јапонија било протолкувано како немање на минимален почит кон сојузник и ги потврдило советските стравувања за оддалечувањето на САД од серијата на конференции одржани во Јалта и во Потсдам. Сталин верувал дека САД целеле кон доминација во Европа и во Јапонија и тоа предизвикувало јасна промена во меѓународната рамнотежа на силите. Таквиот развој на настаните кај Советите предизвикал потреба за развој на пропагандата за „капиталистичкото опкружување“ на СССР и „реакционерните настојувања“ кај довчерашните сојузници од Запад. Сталин ја прифатил започнатата пропаганда, ја надградил со тврдењата дека капитализмот е главниот извор за сите војни и врз тие основи





Тајниот развој на нуклеарното оружје во САД бил примен како антагонистички пристап од сојузниците кон СССР. Кај сојузниците, пак, ширењето на влијанието на СССР во Европа и во светот било примено како правична распределба на придобивките од војната за победниците, посебно заради претрпените жртви во СССР

започнал со целосна мобилизација на советското општество за повторна изградба на СССР. Тој не успеал да најде слаба точка на советската периферија, односно не успеал да го прошири советското влијание и комунизмот во Иран и во Турција, единствено што успеал е да го засили британско-американското сојузништво и да ги доближи Иран и Турција кон Западот. Повторната изградба на СССР била извршена паралелно со големи програми на вооружување, забрзување на развојот на нуклеарната програма и развој на противракетна и противвоздушна одбрана. Недостигот на програми за економска соработка ја оневозможил економската соработка и идеолошките и политичките непријателства станале очигледни.
Советите процениле дека САД се претвориле во противник, поставувајќи воени бази на нивната периферија и заканувајќи се со нуклеарното оружје. Обединувањето на американската, британската и француската зона во Западна Германија под американска команда, било прифатено како закана за советското влијание во Европа. Но, Советите не се подготвувале за војна туку напротив, ги намалиле

вооружените сили до четвртина од нивната големина по крајот на Втората светска војна и воениот буџет го намалиле за една половина. Спротивно од верувањата на САД, Советите биле задоволни со утврдување на достигнатите линии во Источна Германија. Побарувањата за изградба на воена морнарица биле отфрлени од Сталин бидејќи не сметал дека за одбрана на крајбрежните области била потребна морнарица. Инсистирањето на Британците и на Французите да се користат германски економски ресурси за остварување на Маршаловиот план ги потврдиле кај Советите стравовите за создавање на американска хегемонија во Европа преку обединување на Германија. Маршаловиот план бил прифатен од Советите како план за поткопување на поставената безбедносна зона во Централна и во Источна Европа. Од тие причини Советите побарале од своите комунистички истомисленици во земјите на Западна Европа да го саботираат спроведувањето на Маршаловиот план преку организација на штрајкови, протести, па дури и со вооружен отпор. Разделувањето на југословенскиот маршал Тито од влијанието на Сталин предизвикало уште поголема несигурност кај Советите и довело до уште поголема контрола на сојузниците на СССР во Европа. Подготвеноста на Сталин за преговори со САД биле карактеризирани како слабост на режимот во Москва и, од тие причини, во 1948 и 1949 година биле поништени одлуките за демобилизација и намалување на воениот буџет. Непријателското дејствување на САД и напорите за дестабилизација на СССР постигнале резултати спротивни од очекуваните. Тие само го потврдиле кредибилитетот на тврдењата на Сталин и го зближиле режимот до граѓанството. Создавањето на НАТО само ја потврдило и ја зацврстило поделбата во Европа.
Добивањето на предност на Мао Це Тунг врз националисти во Кина и влошувањето на односите меѓу СССР и САД во Европа го довело Сталин до поблиска соработка со Мао Це Тунг. Зголемувањето на соработката довело до потпишување на Руско-кинескиот пакт на 14 февруари 1950 година. Со овој пакт, Советите се откажале од контрола над источнокинеската железничка пруга и пристаништата „Даилан“ и „Порт Артур“, но за возврат добиле безбедносни зони во Манџурија. Советскиот интерес за Кореја бил





Маршаловиот план бил прифатен од Советите како план за поткопување на поставената безбедносна зона во Централна и во Источна Европа. Од тие причини Советите побарале од своите комунистички истомисленици во земјите на Западна Европа да го саботираат спроведувањето на Маршаловиот план преку организација на штрајкови, протести, па дури и со вооружен отпор

сведен на оневозможување на САД да формираат воена основа за идна американско-јапонска инвазија врз Манџурија. Со ова Сталин успеал да го прошири своето влијание врз Источна и Централна Европа, без притоа да предизвика директен судир со САД и со поранешните, западни сојузници.
Споредбено, стратегијата на САД за поставување и одржување на сојузнички односи со своите држави сателити дала подобар резултат отколку стратегијата на СССР за спроведување на строга послушност кај своите држави сателити. Занемарувањето на економскиот развој на сметка на зголемувањето на воената моќ водело до краен неуспех на Советите во Студената војна и до распад на СССР кон крајот на Студената војна на 26 декември 1991 година.

Томица Ристоски



# Цивилно-воена соработка

За времетраење на вежбата „Swift Response-22", меѓу другото, се реализираа и повеќе проекти од доменот на цивилно-воената соработка (ЦВС). Во текот на месец април беше извршена обнова и реновирање на 3 патишта во с. Криволак во вкупна должина од 1000 метри, каде што е поставен тампон и истиот е проширен. Патиштата беа санирани од страна на Инженерискиот баталјон од Командата за операции, при што жителите кои живеат во делот каде што беше направено санирање на патот изразија благодарност.



Заедно со учениците од СОУ „Кирил и Методи" во Неготино и припадниците на Армијата на САД, беше организиран кошаркарски натпревар. За време на настанот учениците имаа можност да разговараат со претставник од Американското катче и да се запознаат со можностите што ги нуди, каде што, воедно, беше извршена донација на ограда за училиштето од страна на Армијата на САД.
Во рамки на вежбата, од страна на Одделението за одбранбена соработка од Амбасадата на САД, а во соработка со Синдикатот за ЦВС беше извршена обука на ПП екипи во општина Радовиш, на која учествуваа екипи од ППД Штип, ППД Радовиш, ППД Неготино и ППД Конче. За време на обуката беа покажани разни ситуации на давање прва помош при несреќен случај, со цел обновување на досегашните познавања и воведување на нови вештини.
Падобранците, кои учествуваа на вежбата, заедно со медицински тим и падобранец од Армијата, го посетија Американскиот катче во Штип, каде посетителите имаа можност да се запознаат со опремата што се користи, да ја испробаат истата и да се запознаат како падобранците се подготвуваат за нивните скокови.
Со реализација на овие активности, беше продлабочена соработката помеѓу Армијата и локалните самоуправи кои гравитираат во околината на АП „Криволак" и значително се зајакна довербата која Армијата во континуитет ја има од страна на граѓаните.

# „Trojan Footprint 22"

Припадниците од Баталјонот за специјални сили, за време на редовната годишна вежба „Trojan Footprint 22", која се изведуваше во период од 18 април до13 мај 2022 година, на повеќе локации во Европа, меѓу кои и во Република Северна Македонија, и оваа година покажаа висока интероперабилност во извршување на вежбовните активности.
На вежбовните активности кои се реализираа во Република Северна Македонија, покрај Баталјонот за специјални сили, учествува припадници на специјалните сили од сојузничките армии на САД и Обединетото Кралство и истите се реализираа на АП „Криволак" и на полигоните „Стенковец" и „Красте" . Целта на оваа редовна годишна вежба на специјалните сили, во организација и под раководство на Армијата на САД за Европа и за Африка, се подобрување на способностите за изведување на операции на специјалните сили во координација со конвенционалните сили, колективна воена подготвеност за распоредување и одговор на секоја криза, како и зголемување на интероперабилноста, меѓусебните односи и довербата помеѓу сојузничките армии.



Во годинешната вежба „Trojan Footprint 22" учествуваа повеќе од 3.300 учесници од 30 армии, при што копнените, воздушните и поморските операции се изведуваа во: Бугарија, Хрватска, Естонија, Германија, Грција, Унгарија, Латвија, Литванија, Црна Гора, Северна Македонија, Полска, Романија, Словачка и Словенија.

# Студиска посета

Во период од 26 до 30 април се реализираше студиска посета на слушателите од 20. класа на Високата школа за подофицери на Вооружените сили на Република Хрватска на Армијата на Република Северна Македонија, во организација на КГЛПОФ на Армијата.
Во рамки на посетата, слушателите реализираа посети на Командата за операции (КО), каде  што беа примени од командантот на КО, бригадниот генерал Весник Емини, командата на 1.пешадиска бригада, вВИНГ и Центарот за обука на пилоти. При посетата на Командата за обука и доктрини, слушателите го посетија Курсот за постари подофицери, каде им се обрати командантот на Центарот за индивидуална обука а, исто така, имаа можност да ги посетат и да се запознаат со капацитетите на АП „Криволак" и ЦО „Пепелиште".
За време на студиската посета, на која учествуваа и главни подофицери од Армијата кои имаат завршено на Високата школа за подофицери, беа разменети искуства на теми поврзани со активностите на подофицерскиот кор од двете армии.
Слушателите оддадоа почит на споменикот на загинатите припадници на Армијата во хеликоптерската несреќа пред Командата на вВИНГ.
Покрај посетата на командите и единиците на Армијата, слушателите се запознаа со нашето културно-историско наследство и природните убавини, преку организација на културна тура и разгледување на Скопје, на Битола и на Охрид. На официјалната вечера, за сите учесници, на која домаќин беше ГЛПОФ на Армијата, главен наредник Бране Петрески, беа разменети пригодни подароци помеѓу припадниците на двете армии, при што од страна на гостите беше изразена голема благодарност за гостопримството и успешно реализираната студиска посета.



# Свечено одбележан Денот на Логистичката база

Припадниците на логистичката база (ЛБ) на Армијата на Република Северна Македонија, во склоп на активностите, по повод 30-годишниот јубилеј на Армијата, во касарната „Илинден“, со воена свеченост го одбележаа 20 Мај – Денот на Логистичката база. На свеченоста присуствуваа заменикот на министерот за одбрана, Башким Хасани, заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ, генерали во Армијата, претставници од Министерството за одбрана, од Министерството за внатрешни работи, од Генералштабот на Армијата и команданти на команди и единици.
Пред припадниците на единицата, која ја обезбедува главната логистичка поддршка на командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија, се обратија заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на ЛБ, полковник Мухарем Мухареми.
Генералот Нуредин во своето обраќање кажа дека логистичките единици изминативе 30 години, се дел од секоја армиска активност која се изведува во касарните, издвоените објекти и полигоните за обука.
„Би сакал да изразам благодарност за вашиот особен ангажман при извршување на мисијата – логистичка поддршка на командите и единиците, без кои извршувањето на мисиите на останатите



единици во Армијата би било неизвесно, без оглед на нивната техничка опременост и обученост“, истакна генералот Нуредин.
Командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми, по краткиот историски осврт за единицата, во своето обраќање пред присутните ја потенцираше важноста и придонесот на припадниците на ЛБ, кои даваа логистичка поддршка за успешна реализација на сите активности на Армијата во изминатиот период, охрабрувајќи ги да продолжат со нивното професионално извршување на задачите и давање на логистичка поддршка во вистинско време на вистинско место.
Во рамки на свеченоста, на припадниците од единиците и на Командата на Логистичката база, им беа соопштени стимулативни мерки за постигнатите резултати во работата.
Логистичката база, која во 30-годишниот период на постоење на Армијата претрпе неколку трансформации, во континуитет ја обезбедува целосната логистичка поддршка на Армијата, така што овозможува сите останати единици да ги исполнат нивните задачи и мисии.
Во тековниот период, припадниците од Логистичката база овозможуваат непречена логистичка поддршка за спроведување на најголемата меѓународна вежба „Брз одговор 22“, која се изведува во Криволак, како и на сите останати активности во Армијата.
Логистичката база е носител на традициите на Разловечкото востание и на првите логистички подготовки за отпочнување на истото, за што со Одлука на претседателот и врховен командант на Армијата за определување на денови на единици, 20 Мај е одреден за Ден на ЛБ.

# Одбележан Денот на четата за АБХО

Во касарната „Чојлија“, припадниците на четата за атомска, биолошка и хемиска одбрана (чАБХО) од



составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр), го одбележаа Денот на единицата. На свеченоста присуствуваа командантот на 1.пбр, полковник Сашко Лафчиски, со началниците на секции од Командата и Штабот на 1.пбр, офицерот за АБХО од Командата за операции и командантите на единиците од 1.пбр.
Командантот на 1.пбр, полковник Сашко Лафчиски, во своето пригодно обраќање по повод Денот на единицата, ги нагласи реализираните активности во изминатиот период, како и задачите и обврските што следуваат во наредниот период.
Единицата е составена од високо обучен кадар, кој во секое време може да обезбеди нуклеарна, хемиска и биолошка заштита (НХБ), како на единиците на Армијата, така и на цивилните структури во државата.
На свеченоста по повод Денот на единицата беа прочитани честитки и стимулативни мерки за припадниците на единицата.

# Свечена церемонија за дочек на армиските припадници во АЛТЕА

Во базата „Бутмир“ во Сараево, пред Командата на ЕУФОР, се реализираше официјална церемонија за пречек и прием на нашите припадници во рамки на турскиот контингент во мировната операција АЛТЕА во Босна и Херцеговина.
На церемонијата присуствуваа командантот на ЕУФОР силите, генерал-мајор Антон Весли, началникот на Штабот во Командата на ЕУФОР, бригаден генерал Золтан Самоги, заменикот-началник на Штабот и најстар национален претставник на турскиот контингент, полковник Бариш Конак, командантот на Баталјонот, потполковник Лукас Ламач и главниот наредник во командата на ЕУФОР, главен наредник Рудолф Фалзер, како и командантот на базата „Бутмир“ и командирот на турската чета. Говор за пречек и добредојде на мировниците во базата „Бутмир“, во мировната операција „АЛТЕА“ во БиХ, одржаа командантот на ЕУФОР силите, генерал-мајор Антон Весли и најстариот национален претставник на македонскиот контингент во мировната операција „АЛТЕА“ во БиХ, потполковник Александар Митаноски.





# Мултинационална вежба „Swift Response 22“

На 6 мај, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, заедно со амбасадорката на Обединетото Кралство, Рејчел Галовеј, на полигонот „Криволак“ присуствуваа на брифинг за претставниците на медиумите каде што беа детално информирани за целта и за активностите за време на вежбата „Swift Response 22“. Во изјавата, по брифингот, министерката Петровска истакна дека станува збор за една од најголемите вежби која синхронизирано се изведува на неколку локации во различни земји од Алијансата. Во Република Северна Македонија, вежбата вклучува 4.600 војници. „Целта на оваа вежба, истакна министерката Петровска, е развој на капацитетите на армиските припадници, како и етаблирање на ‘Криволак’ како тренинг-центар со огромен капацитет и можности за извежбување. На ваков тип на комплексни вежби кои ги изведуваме заедно со сојузниците, ја покажуваме нејзината подготвеност и нивото на интероперабилност но, се разбира, и начинот на којшто се соработува со останатите армии во рамките на НАТО алијансата. Вториот аспект кој е значаен за нас како држава, е да ги покажеме капацитетите и способностите на тренинг-центарот ‘Криволак’“, рече министерката Петровска. Таа истакна дека полигонот е од исклучително значење за Армијата, и затоа Министерството за одбрана, со поддршка на нашите стратешки партнери, особено Велика Британија и САД, инвестира во негово опремување и модернизација.

Британската амбасадорка Галовеј истакна дека оваа вежба ќе ја покаже колективната подготвеност и способност и дека ќе ја прикаже трансатлантската врска која ја направи НАТО Алијансата најсилната алијанса во модерната историја. Галовеј информираше дека Обединетото Кралство во оваа вежба учествува со 1.800 падобранци, за кои рече дека се способни, високообучени, добро опремени и дека сакаат да вежбаат на полигонот „Криволак“, кој нуди уникатни услови за вежбање.

На 8 мај се одржа Отворен ден за воздухоплови“ на спортскиот аеродром „Стенковец“, каде беа прикажани дел

Република Северна Македонија беше домаќин на вежбата „Swift Response 22“, која се реализираше на армискиот полигон „Криволак“ во периодот од 2 до 20 мај. На вежбата учествуваа околу 4.600 припадници од вооружените сили на осум земји членки на НАТО: САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Црна Гора, Албанија, Грција и Северна Македонија



од хеликоптерите кои се користат на вежбата, а имаше и прелети на авионите „А-10“ и „Ф-16“. На 12 мај, на армискиот полигон „Криволак“ се реализираше Денот за високи гости на мултинационалната вежба „Swift Response 22“ каде што беа презентирани воздухопловни десантни операции, проследени со падобрански скокови, хеликоптерски и копнени активности на припадниците на армиите на САД, Обединетото Кралство, Франција, Италија, Шпанија, Црна Гора, Грција, Албанија и Република Северна Македонија.
На активноста се обрати министерката за одбрана, Славјанка Петровска, која потенцираше дека вежбата „Swift Response 22“ ги покажа своите капацитети за одлично планирање, тренинг и заедничко координирање и дејствување.
„Она што денес го видовме не беше пркос на моќ и демонстрација на воена сила, туку демонстрација на нашето единство, обединетост, демонстрација на нашето сојузништво. Војниците од армиите на Северна Македонија, Соединетите Американски Држави, Обединетото Кралство, Франција, Италија, Шпанија, Црна Гора, Албанија и Грција, покажаа што значи колективна подготвеност и совршена интероперабилност. Всушност, тие ја пратија најважната порака: Кога сте НАТО членка – не сте сами“, рече министерката Петровска. Во тој контекст, министерката Петровска додаде дека во НАТО Алијансата нема мали и големи, нема прв и последен, нема натпревар за елиминација, туку подарена рака и сојузничка поддршка. Министерката Петровска во своето обраќање се осврна и на армискиот полигон „Криволак“ за кој нагласи дека нејзин личен приоритет ќе биде овој тренинг полигон да продолжи да се развива, со што ќе придонесеме за силна Алијанса која е столб на нашите демократии. „Тренинг-центарот Криволак да продолжиме да го развиваме во согласност со потребите за обука и тренинг на припадниците на нашата армија но, се разбира, тој ќе понуди и специфични сегменти за тренинг и обука кои ќе ги користат и нашите сојузници и стратешки партнери. Ова го гледам како уште една неверојатна можност за сите наши сојузнички земји и армии да ги зајакнат капацитетите на заедничка работа за уште подобро меѓусебно запознавање и создавање меѓусебна доверба која не остава простор за никакво сомневање“, потенцираше Петровска. На крајот од своето обраќање министерката Петровска упати благодарност до заменик-командантот на Армијата на САД за Европа и за Африка, генерал-мајор Питер Ендрузијак за напорите во организирањето на оваа вежба до бригадниот генерал Николас Каули на Армијата на Обединетото Кралство, за неговата посветеност и за посветеноста на неговите војници на оваа вежба, потоа на сојузниците: Франција, Италија, Шпанија, Албанија, Црна Гора и Грција, за нивниот придонес кон овој извонреден приказ на единство и сила, како и на бригадниот генерал Стивен Ламбрехт од Националната гарда на Вермонт, со којшто очекуваме наша следна соработка. Заменикот-командант на копнените сили на САД за Европа и за Африка, генерал-мајор Петер Ендрусјак,



во своето обраќање пред присутните кажа дека речиси 10.000 припадници на НАТО сојузничките сили се вклучени во оваа вежба која симултано се реализира од Балтикот, Норвешка, и овде, на „Криволак“, во Северна Македонија, каде се случува и најголемиот дел од вежбата со најмногу припадници.
„Вежбите како „Swift Response“ се од витално значење за нашата комбинирана подготвеност и интероперабилност и не би биле успешни без силното партнерство што го имаме со нашиот доверлив сојузник во НАТО – Северна Македонија“, потенцираше генералот Ендрусјак. Генералот Ендрусјак додаде дека ваквите вежби покажуваат оти силите на САД за Европа и за Африка служат како стратешки безбедносен партнер во регионите на Балканот и на Црното Море и истовремено упати благодарност до сите сојузници-учесници на Вежбата и до граѓаните на Северна Македонија.
Во рамки на Денот за високи гости се обрати и командантот на борбениот тим на 16. воздухопловна бригада на Обединетото Кралство, бригадниот генерал Николас Коули, кој упати благодарност до нашата земја и којшто рече дека Република Северна Македонија е одличен домаќин, којшто има одличен полигон за обука што овозможува да се извежбуваат различни видови тренинзи за земјите да ја покажат својата подготвеност и да покажат дека се подготвени за НАТО предводени операции. Тој кажа дека за време на вежбата, од исклучителна важност е тоа што работеле заедно со уште осум други НАТО земји, а со тоа покажаа дека може да реагираат како НАТО земја членка за краток временски период.
На Денот за високи гости присуствуваа претседателот на Република Северна Македонија и врховен командант на Армијата, Стево Пендаровски, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, пратеници од Собранието, амбасадорите на: САД, Обединетото Кралство, Италија, Франција, Грција, Шпанија, Албанија и Црна Гора, генералите во Армијата на Република Северна Македонија, високи воени и цивилни претставници на вооружените сили и на министерствата за одбрана на земјите учеснички на вежбата и НАТО, одбранбени аташеи акредитирани во земјава и други гости.

Кристина Илиевска





# „Отворен ден“ на Спортскиот аеродром „Стенковец“

Почитувани читатели и почитувачи на военото воздухопловство, преку овој текст ќе се обидам да го ставам во незаборав настанот кој на 8 мај, на мое лично задоволство а, секако, и на ваше задоволство, беше реализиран на Спортскиот аеродром „Стенковец“ во непосредна близина на Скопје

За да дојдеме до суштината заради која овој настан се случи, ќе се вратиме малку наназад. Во периодот од 12 до 20 мај 2022 година, на Армискиот полигон „Криволак“ се реализираше големата мултинационална вежба „SWIFT RESPONSE 22” („Брза реакција 22“). Според обемот (персонал и техника што е вклучен), тоа е најголемата вежба која на територијата на нашата држава се одржува од нејзиното осамостојување. Вежбата „Swift Response 22” е дел од големата мултинационална вежба „DEFENDER EUROPE”, која на територијата на Европа се реализира во овој период. За да се организира една вака комплексна вежба, на нејзината подготовка напорно работеа поголема група на луѓе, припадници на армиите кои учествуваа во истата. Во периодот од 8 до 12 ноември 2021 година во Охрид, беше реализирана Конференција за планирање на концептот на воздухопловните операции (APC Air Planning Conference) за целата вежба „DEFENDER EUROPE”. Еден од заклучоците донесени на Конференцијата беше и одлуката да биде организиран еден ваков настан, секако со огромна поддршка од страна на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија од една страна и Амбасадата на САД и Амбасадата на Обединетото Кралство во Република Северна Македонија од друга страна. Раководството на вежбата од страна на земјата домаќин го искористи присуството на воздухопловната техника (авиони, хеликоптери, беспилотни летала) и персонал од армиите на САД и Обединетото Кралство, како и со расположиви капацитети (персонални и технички), и подготви сценарио за самиот настан. Сценариото, секако, опфаќаше и активно вклучување на раководството на Аероклубот „Стенковец“ и употреба на нивната воздухопловна флота. Настанот „Отворен ден“ беше реализиран во период од 10 до 16 часот на 8 мај и, генерално, беше поделен во два дела: „STATIC DISPLAY” и „AIR DISPLAY”. Првиот дел или, таканаречениот „STATIC DISPLAY”, ги опфаќаше следните активности:

1. Прием и паркирање на воздухопловната техника (Северна Мекедонија, САД и ОК) на претходно одредени соодветни позиции во согласност со ТТ-карактеристиките и големината на воздухопловите. Позициите беа внимателно одредени на извидувањето (PDSS Pre-Deployment Site Survey), кое беше реализирано на 4 мај на Спортскиот аеродром „Стенковец“, со присуство на сите учесници во настанот. На „STATIC DISPLAY” учество зедоа следните воздухоплови:

- United States ARMY Aviation Task Force LOBOS: „CH-47 Chinook“ (Heavy Lift Helicopter),
- „UH-60M Black Hawk“ (Medium Lift Helicopter); „HH-60M Pave Hawk“ (DUST OFF / SEARCH AND RESCUE - MEDEVAC HELICOPTER); „RQ-7 SHADOW“ (Tactical UAV Unmanned Aerial Vehicle).
- United Kingdom ARMY Aviation:„AH-64 Apache“ (Attack Helicopter).
- Северна Македонија: хеликоптер „Ми-17 VAM-308“ (среден транспортен хеликоптер, во состав на Хеликоптерскиот скવадрон вВИНГ); хеликоптер „Agusta-Bell 206 JetRanger III MAP-7750“ (лесен транспортен хеликоптер, во состав на Хеликоптерската единица при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија); хеликоптер „Agusta-Bell AB.212 MAP-7751“ (среден транспортен хеликоптер, во состав на Хеликоптерската единица

при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија).

- Поставување на воздухопловната флота, сопственост на Аероклубот „Стенковец". Од нивна страна, на располагање беше ставена целата флота која ги вклучуваше следните воздухоплови: три авиони од типот „Partenavia P68B"; два авиони од типот „Cessna 172"; еден авион од типот „Piper PA28 Arrow II"; еден авион од типот „Piper 28R Turbo Arrow";
- еден авион од типот „Piper 28-181 Archer"; еден авион од типот „Злин 143" (всушност, овој тип на авион е сопственост на Агенцијата за цивилно-воздушна пловидба, на чување во нивниот хангар); два авиони од типот „7GCBC Citabria", како и едрилици од типот „L-23 Super Blanik и Vuk-T".

Далеку поинтересен дел од настанот, секако беше т.н. „AIR DISPLAY", или приказот на летачките способности на авионите од типот „F-16 C/D Block30" на грчкото Воено воздухопловство (HAF Hellenic Air Force), како и авионите од типот „A-10 Thunderbolt II", на американското Воено воздухопловство (USAF United States Air Force). На нашето барање, авиони од типот „F-16 C/D Block 30" на грчкото Воено воздухопловство (HAF Hellenic Air Force) зедоа учество на „AIR DISPLAY". Генералштабот на грчката војска експресно одговори дека такво нешто е остварливо и им даде насоки на Тактичката воздухопловна команда во Лариса (HTAFH Hellenic Tactical Air Force Headquarters, Larisa) да ја делегира задачата на некоја од единиците под своја команда и веднаш да се започне со подготовките. Тактичката воздухопловна команда во Лариса ја делегира задачата на 330.  скводрон „Молњи" од градот Волос (330th Squadron "THUNDER" Nea Aghialos Air Base, Volos). Задачата беше реализирана со три авиони од типот „F-16 C/D Block30" и притоа беа направени два различни прелети (Fly By). Првиот прелет беше во формација ( водител и двајца коишто следат, по еден од лева и од десна страна), на висина од 500 ft (150m) над земја, во согласност со нивните национални регулативи и ограничувања. После надлетување на полетувачко-слетувачката патека во курс 300º, авионите, во формација изведоа лев качувачки засврт и ја растурија постоечката формација и преминаа во формација „колона", во насока кон градот Скопје и во качување до 2500 ft (500m). Повторното излегување во бараниот курс беше во колона (растојанието помеѓу секој авион беше 1Nm / 1800m). Вториот прелет беше со потполно истите елементи и напуштање на зоната на аеродромот во десен качувачки засврт, повторно формирање на група и нивно враќање во матичната база.  Од страна на американското Воено воздухопловство,



за настанот беа отстапени два авиони од типот „A-10 "WARTHOG Thunderbolt II". Авионите, во периодот од 7 до 14 мај беа стационирани на аеродромот во Охрид и земаа активно учество на вежбата „SWIFT RESPONSE 22". Авионите се од составот на 104.. борбен скводрон на Националната гарда на сојузната држава Мериленд (104th Fighter Squadron / Maryland Air National Guard 175th WING, Warfield Air National Guard Base, Middle River, Maryland). Нивното доаѓање во Охрид беше со нивно претходно слетување во Исланд (поради времетраењето на самиот прелет и одмор на пилотите). Учеството на авионите „A-10 WARTHOG Thunderbolt II" и приказот на нивните летачки способности следеше после настапот на авионите „F-16 C/D Block30" на грчкото Воено воздухопловство, а откако се обезбеди соодветна хоризонтална и вертикална сепарација/раздвојување од страна на Контролата на летање на скопскиот аеродром. Нивното доаѓање во реонот на аеродромот „Стенковец" беше на висина од 1000 ft (300m) над полетувачко-слетувачката патека во блиска формација. После прелетувањето на полетувачко-слетувачката патека во курс 300º, беше извршено растурање на формацијата, преминување во формација „колона" и давање на фиктивна блиска воздушна поддршка (Dry CAS - Close Air Support) по цели на земја на висина од 500 ft (150m). Нивниот настап, како и претходниот, беше следен од страна на посетителите со големо внимание и задоволство. Целиот настан заврши во 16 часот и следеше испраќање на воздухопловите и нивно враќање во матичните или во привремените бази (за странските воздухоплови). Секој од воздухопловите, после полетувањето, а на општо задоволство на оние најупорни посетители кои останаа да го проследат настанот до самиот крај, направија низок прелет („Fly By") над полетувачко-слетувачката патека во курс од 120º.

Настанот помина во најдобар ред (со оглед на бројноста на техниката и посетителите), кога е во прашање безбедноста во летањето и општата безбедност. На настанот, според процената на домаќините (Аероклубот „Стенковец"), присуствувале околу 30 000 посетители. Задоволството беше видливо на нивните лица а особено среќни беа оние најмладите кои, секако, треба да бидат нашите следни воздухопловци и нашата воздухопловна иднина.

Душко Стевоски

*( пилот на „Ми-24 HIND", Скводрон на борбени хеликоптери)*






SWIFT RESPONSE

# „IC380“ – скриено огнено оружје во облик на мобилен телефон

„IC380“ (Ideal Conceal 380) е џебен пиштол со ракофат на склопување, кој според формата имитира паметен телефон. Оружјето е дизајнирано од Kirk Kiellberg, а се произведува од компанијата „Ideal Conceal Inc.“ од Минесота, САД. Во основа, „IC380“ е изработен во стилот на одбранбените мали пиштоли „Derringer“, односно, според градбата, припаѓа во групата на двоцевни рачни огнени оружја. При проектирањето на оружјето се водело сметка да поседува мала тежина, да биде едноставно за ракување, да не поседува надворешен удирач на ударната игла, да биде лесен за сокривање, односно невпечатливо но, сепак, боево доволно моќно. Досега се развиени две верзии на пиштолот кои поседуваат различен полуавтоматски механизам на дејствување и две подверзии за два типа на муниција, и тоа, верзијата „IC380“, која ја користи муницијата .380 ACP и верзијата „IC“ 9 mm, која ја користи муницијата 9 mm. Инаку, чкрапалото на оружјето поседува DAO-механизам на дејство. За изработка на конструкцијата на оружјето (блокот за цевките и сандакот) се користи алуминиумска легура, додека двете цевки, внатрешниот механизам и ракофатот на склопување, се изработуваат од челик. Деловите од сандакот и другите делови меѓусебно се спојуваат со помош на штафење, па затоа расклопувањето и склопувањето на оружјето се изведува само со помош на алатки. За надворешна заштита се користи елоксирана завршна обработка. Кога пиштолскиот ракофат е склопен од оружјето не може да се пука, односно пиштолскиот ракофат има улога на сигурносен поклопец со кој се поклопува чкрапалото. Затоа пред пукање пиштолскиот ракофат мора прво да се извлече и неговата позиција да се фиксира. При пукање секогаш прво испукува горната цевка, а потоа долната цевка. За да се вметне муниција или замени испуканата муниција на горниот среден дел од оружјето е поставена лизгачки лост за утврдување на позицијата помеѓу блокот со цевките и основното кућиште (сандакот). На средина по должината на лостот има мало вдлабнување, со цел негово користење и како заден механички нишан. Со повлекување наназад на лизгачкиот лост се ослободува блокот во кој се вградени цевките, кој потоа се „прекршува“ према напред. По оваа операција се добива пристап до лежиштата на куршумите во цевките и може да се вметнат куршумите. Потоа блокот со цевките се враќа назад и се забравува со сандакот во кој е сместен механизмот на чкрапалото и удирачите на ударните игли. Инаку, од левата страна на блокот со цевките е вграден лизгачки лост кој е наменет за извлекување на куршумите (чаурите) од цевките. Откако ќе се заврши со пукањето за да се врати ракофатот во склопена положба, на горниот дел од ракофатот треба истовремено да се притиснат двете копчиња кои имаат цел утврдување/ослободување на ракофатот, а потоа да се изротира кон сандакот од оружјето. Со цел зголемување на прецизноста, поновата верзија на оружјето, по желба на корисникот, во предниот долен дел од сандакот може да биде опремена (внатрешно) со ласерски нишан кој би се активирал со помош на надворешно поставени копчиња. Инаку, ова оружје се смета за одбранбено и во практика се користи само од непосредна близина, а најдобри резултати се постигнати на растојание од околу 6,5 m. Факт е дека за ракување со вакво оружје треба корисникот да се навикне, но по стекнување на одредена рутина, корисникот за две секунди може оружјето да го извлече и да го подготви за пукање.

Ивица Дамески




1. Преден механички нишан
2. Алуминиумски блок во кој се сместени две челични нерѓосувачки нажлебени цевки
3. Лизгачки лост, наменет за вадење на куршумите (чаурите) од лежиштата во цевките
4. Лизгачки лост за утврдување на позицијата помеѓу блокот со цевките и основното кућиште (сандакот). На средината, по должината на лостот, има мало вдлабнување, со цел да се користи како заден механички нишан
5. Селектор, кој одредува кој удирач ќе удри на ударната игла
6. Еден од двата удирачи на ударните игли




7. Основното куќиште (сандакот) на оружјето е изработено од алуминиумска легура
8. Копче за фиксирање на ракофатот кога е во расклопена состојба
9. Штраф за механичко спојување меѓу основното куќиште и склопувачкиот челичен ракофат
10. Лост на чкрапалото за пренос на силата до механизмот за дејствување
11. Повратна пружина за чкрапалото
12. Чкрапало со DAO-механизам на дејство
13. Штитник на чкрапалото
14. Празен простор во кој по желба на корисникот може да се вметне/вгради ласерски нишан
15. Чивија за спојување



| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „IC380“ | |
|---|---|
| КАЛИБАР | .380 ACP |
| КАПАЦИТЕТ НА КУРШУМИ | 2 |
| ДОЛЖИНА | 140 mm |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКАТА | 89 mm |
| ШИРОЧИНА | 19 mm |
| ВИСОЧИНА СКЛОПЕН | 76 mm |
| ВИСОЧИНА РАСКЛОПЕН | 131.7 mm |
| ТЕЖИНА | 520 gr |
| МАКСИМАЛНО ЕФИКАСНО ДЕЈСТВО | околу 10 m |



# Германски млазни авиони од Втората светска војна (1)

Кога браќата Рајт го реализирале првиот лет на 17 декември 1903 година со воздухоплов и употреба на мотор како движечка сила, истовремено отвориле сосема нова граница во авијацијата и летањето. За време на Првата светска војна авијацијата била насочена кон мисиите за извидување и собирање информации. Непосредно пред Втората светска војна, во натпреварот од областа на авијацијата, инженерите од целиот свет добиле предизвик да го развијат најдобриот авион

Од првиот лет на браќата Рајт бил потребен речиси половина век за успешни, иновативни и оперативни млазни авиони, со предност која ја имале германските инженери. Се поставува прашањето, дали авионите со млазен мотор се еднинствената добра работа што произлегла од Втората светска војна, имајќи ги предвид останатите негативни ефекти. Се смета дека тој мрачен период сепак бил „златниот период“ за авијацијата, кога иновациите, креативноста и одличната инженерска техника ја револуционизирале воздушната војна и го смениле нејзиниот тек. Во Германија, познатиот дизајнер Hans von Ohain се занимавал со нацрт на еден од најпрогресивните пронајдоци во светот и во еволуцијата на авијацијата - прв оперативен млазен мотор. Користејќи го овој дизајн, тој се приклучил на компанијата Heinkel во Германија како резултат на што се појавил прототипот за првиот авион на млазен погон познат како „Heinkel He 178“.
Во тоа време, во согласност со Версајскиот договор, како мировен договор со кој формално завршила Првата светска војна помеѓу силите на Антантата и Германија, било предвидено дека Германија во целост ја прифаќа одговорноста за предизвикување на војната, се согласува да отстапи територии, да се разоружа и да плаќа воена отштета на одредени земји од Антантата. Сепак, овој договор не ја постигнал основната цел, а тоа било обезбедување траен мир во Европа.
Во таа насока, поради понижувачките услови кои Германија била принудена да ги прифати, само неколку години подоцна дошло до појава на нацизмот кој потоа постепено ги отфрлил обврските од Договорот, а ја предизвикал и Втората светска војна. И покрај Договорот од Версај кој експлицитно забранувал Германија да има воздухопловни сили, тие продолжиле да прават подобрувања во дизајнирањето, развојот, тестирањето и производството во тајност. Како резултат на нивното добро напредно инженерство и модернизација, германската компанија „Luftwaffe“ била најмоќната воздушна сила кога започнала Втората светска војна, со неколку иновативни дизајни на ловци и бомбардери. На тој начин Втората светска војна го отворила небото за генијалност и креативност во кои германските инженери биле особено вешти.

### „Messerschmitt Me 262“

Авионот „Messerschmitt Me 262“, наречен „Schwalbe“ (Swallow), со своите млазни

мотори, далеку подобрата видливост во секоја насока во споредба со претходните германски ловци и со специфичниот дизајн на крилата, се искачил во аналите на историјата и на авијацијата како прв млазен мотор што летал во борбени услови. Тој бил првиот оперативен борбен авион во светот со млазен погон, кој во согласност со барањето и проектот на Министерство за воздухопловство можел да издржи најмалку еден час во воздух со брзина од 850 км/час. Првиот целосно успешен лет на млазен погон бил реализиран на 18 јули 1942 година, а на 25 јули 1944 година за прв пат се појавил при напад на британски авион кој летал во извидувачка мисија над Минхен.
На пилотите на бомбардери кои добиле преобука да летаат со „Me 262“ им биле потребни само три инструкциски летови, а помалку од 5% имале какви било тешкотии со преквалификација. Авионот бил побрз и посилно вооружен од кој било сојузнички борбен авион и во тоа време со најмалку 185 км/час бил побрз авион од врвниот ловец на епохата (северноамериканскиот P-51 Mustang). Надмоќен во воздух, авионот „Messerschmitt Me 262“ фундаментално го променил текот на воздушната борба. Со своите неспоредливи способности за бомбардирање тој бил силата со која требало да се соочат сојузничките сили. Во воздух, пилотите на „Messerschmitt Me 262“ можеле да користат ефективни маневрирања, контрола на максималнтата брзина со усогласено летање, што било голема предност во текот на воздушните борби. Поради брзото согорување на авионско гориво, оставал трага од издувниот чад што го правел авионот „ранлив“ за сојузничките сили кои само ја следеле патеката, а потоа напаѓале додека авионот слетувал. Иако дизајнерските работи започнале пред почетокот на Втората светска војна, проблемите со моторите, металургијата и недостигот на стратешки материјали, довеле до крупни проблеми. Нападите на сојузничките сили врз снабдувањето со гориво за време на влошената ситуација во доцната војна, ја намалиле неговата ефикасност како борбена сила.
На крајот од војната заклучиле дека „Messerschmitt Me 262“ имал занемарливо влијание врз текот на војната како резултат на неговото доцно воведување и, следствено на тоа, малиот број авиони ставени во оперативна состојба. Во 1945 година, примерок на „Messerschmitt Me 262“ бил заробен од американското воено воздухопловство. Некои од неговите дизајнерски карактеристики, вклучително и дизајнот на крилата и тешкото топовско вооружување монтирани во предниот дел, биле искористени од американските и британските дизајнери во изградбата и нацртите на подоцнежните прототипови на авиони.

## „Heinkel He 162 Salamander“

Иако војната во Европа завршила на 8 мај 1945 година со капитулацијата на Германија, германската компанија „Luftwaffe“ објавила конкурс за програмата „Emergency Fighter“. Таа се однесувала на изградба на ловец за итни случаи, со едно седиште, изработен од нестратешки материјали и кој можело да го состават полу односно неквалификувани работници. Бил дизајниран и изграден за краток временски период и првенствено е направен од дрво бидејќи металите во тој период биле дефицитарен материјал. Потребни биле само три месеци за да започне големото производство на овој борбен авион, воедно и првиот оперативен млазен ловец со катапултно седиште.
Познат како „народен борец“, авионот користел опрема за слетување на трицикли кои за прв пат биле пуштени во употреба. Поради недостиг од квалификуван човечки потенцијал, се предвидувало дека со мала обука пилотите-почетници ќе можат да летаат со него, пред сè во услови на борба „воздух-воздух“, а со тоа и да ги пресретнат заканите од влезните воздушни сили. Набргу се покажало спротивното, дека за управување на овој авион, пред сè во борбени услови, му треба внимателно ракување од страна на искусни пилоти. Како последица на тоа се случиле несреќи предизвикани од неискусни пилоти, и на тој начин овој авион влегува во историските книги како еден од најлошите борбени авиони од Втората светска војна.
Логистиката станала сериозен проблем за „Luftwaffe“, бидејќи одржувањето на авионите во борбена состојба станало речиси невозможно. Добивање доволно гориво било уште потешка мисија поради разорната кампања против целите на германската нафтена индустрија. И покрај иновативните карактеристики на неговиот дизајн, „Heinkel He 162 Salamander“ страдал од слабиот материјал, што предизвикало нестабилност на авионот.

Драган Павловски







# Амфибиски оклопен транспортер на романската армија „ABC 79M“

Романската армија е единствениот оператор на возилата „ABC 79 M“. Во 1994 година, Израел направи нарачка за едно возило „ABC 79 M“ за пробни цели, но не направи понатамошни нарачки. Романската армија распореди возила „ABC 79 M“ во Авганистан како поддршка на операцијата „Enduring Freedom“.
Варијантите на мисијата на „ABC 79 M“ вклучуваат оклопен транспортер „TAB-C,TABC-79M“, оклопен транспортер без купола, артилериско набљудувачко возило „TAB-79A PCOMA“, „TAB-79AR“-носач на минофрлач 82 мм, „TAB RCH-84“-возило за АБХ-извидување, „TAB-79A -80“-оклопно возило за извлекување (recovery), оклопен транпортер „AM 425 APC“ и возило „ML-A95M“ со ракетен систем „земја-воздух“.
Варијантите на ова оклопно возило се следни:

- „TAB-C“, оклопен транспортер сличен на TABC-79.
- „TABC-79M“, оклопен транспортер без купола.
- „TAB-79A PCOMA“, артилериско набљудувачко возило.
- „TAB-79AR“, носач на минофрлач 82 мм.
- TAB RCH-84, возило за АБХ извидување.
- „TCG-80“, оклопно возило за извлекување (recovery).
- „AM 425“, последна верзија на TAB-79 APC оклопен транспортер.
- „A95“- возило со ракетен систем „земја-воздух“, базирано на шасија „AM 42“,5 еквивалент на советското „SA-9“.

Амфибискиот оклопен транспортер „ABC 79M“ 4×4 е произведен од ROMARM за да одговори на побарувањата на романската армија. Според изгледот возилото е еквивалент на советскто извидувачко оклопно возило BRDM-2. Возилото претходно беше познато како TABC 79 и истото користи голем број на автомобилски делови од TAB-77 8x8 APC.

## Дизајн и карактеристики на 4×4 амфибиски оклопен транспортер

Амфибискиот оклопен транспортер „ABC 79 M“, 4×4, е произведен од ROMARM. „ABC 79“ е модифицирана верзија на оклопниот транспортер „TAB-77“ 8×8. Возилото од 9,2 тони е со должина од 5,6 метри, ширина од 2,8 метри и висина од 2,3 метри. Користи неколку заеднички компоненти на „TAB-77“. Возилото може да носи тројца членови на екипажот и четворица војници. Во предниот дел на возилото се сместени возачот и командирот, на левата и десната страна соодветно. Ветробранското стакло со двоен панел може брзо да се покрие со две оклопни ролетни за време на



борбените операции. Војниците можат да влезат и да излезат од возилото преку мали врати во форма на триаголник од двете страни на трупот, вратите во задниот дел на возилото или преку единечниот отвор на покривот во десната страна на моторното одделение. Отворите за пукање на десната задна врата им овозможува на војниците да нишанат и да отвараат оган од своето лично вооружување од внатрешноста на возилото. Стандардната опрема што е вградена во возилото вклучува систем за автоматско откривање и сузбивање на пожар, систем за NBC-заштита, уреди за ноќно гледање и чекрк за извлекување монтиран напред.
Возилото е опремено со купола за еден човек на покривот. Рачно управуваната купола е монтирана со тежок митралез „KPVT“ 14,5 мм и коаксијален митралез „PKT“ од 7,62 мм. Тешкиот митралез „КПВ“Т може да гаѓа лесни оклопни цели, вооружени системи и лесни засолништа во опсег до 3.000 метри. Може да гаѓа и од вооружување со калибар до 20 мм и шрапнели од гранати. Амфибиското оклопно возило „ABC 79 M“ може да биде опремено со систем за заштита од NBC како дел од стандардната опрема.
Возилото „ABC 79 M“ се напојува со турбо дизел-мотор со потпис „Еуро 3“, поставен во задниот дел на возилото. Моторот може да биде споен со механички или со автоматски менувач (со пет степени на пренос напред и еден назад) и да развива моќност од 160 КС. Моторот на возилото е опремен со предзагревач, кој му овозможува на моторот да стартува во многу студени климатски услови.
Оклопниот транспортер „ABC 79“ е целосно амфибиски, со одредена мала претходна подготовка. Во задниот дел на возилото е сместен пропелер „water-jet“, кој го придвижува возилото во вода.
Оклопниот транспортер „ABC 79“ е модифицирана верзија на оклопниот транспортер „TAB-77“ 8×8. Единствената подготовка што е потребна да се направи пред да влезете во вода е вклучување

| ОПШТИ СПЕЦИФИКАЦИИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВОЗИЛАТА „ABC 79“ | |
|---|---|
| ТИП | Оклопен транспортер на тркала |
| ЗЕМЈА НА ПОТЕКЛО | Романија |
| ПРОИЗВОДИТЕЛ | ROMARM |
| КОНФИГУРАЦИЈА | 4x4; |
| МЕСТА ЗА СЕДЕЊЕ | 3+4 |
| ТЕЖИНА | 9,2 тони |
| ДОЛЖИНА | 5,6 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,8 метри |
| ВИСИНА | 2,34 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | CROWS with MG 14,5 mm, coaxial MK PKT 7,62mm |
| ПОГОН | Euro 3 type дизел мотор |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 700 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ПАТ | 95 km/h |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 32% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 28% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | Амфибиско |

воздушни цели на растојанија до 2.000 метри. Возилото опционално може да биде опремено со далечински управувана вооружена станица (RCWS) поставена на кровот на куполата. Други конфигурации на вооружување вклучуваат интеграција на систем за противтенковски водени ракети (ATGM) и минофрлачи 81 или 82 мм. Возачот и командирот се обезбедени со едноделни отвори со капаци. Возилото е опремено со четири дневни перископи за набљудување напред и странично. Командирот има инфра-црвен рефлектор поставен на покривот на возилото. Рефлекторот може да се ракува од внатрешноста на возилото.
Заштитата на возилото се одликува со целосно заварен челичен труп. Возилото може да го заштити екипажот од оган на пумпите за дигање и подигнување на лопатката од страна на возачот. Кога возилото се движи на копно, лопатката се повлекува и се складира на најкосиот преден дел од трупот. Централниот систем за регулирање на притисокот на гумите му овозможува на возачот да го приспособи притисокот во гумите од седиштето за време на движењето на возилото.
Возилото има максимална брзина од 95 км/ч и автономија на опсег од 700 км. Може да совладува максимален наклон од 32° и максимален страничен наклон од 28°.
Единствен оператор на овие возила е романската армија и истите имаат учествувано во мисиите во БиХ и во Авганистан.

Идриз Идризоски

## Неубиствено оружје „FN Smart ProtectoR“

Во месец октомври на саемот „MILIPOL 2021“ во Париз, наменет за претставување на опрема и оружје за полициски и безбедносни служби, светски реномираната белгиска компанија „FN Herstal“ го претстави своето ново иновативно неубиствено концепт-оружје „FN Smart ProtectoR“. Новото одбранбено оружје е наменето за користење на мали и многу мали интервентни растојанија при дејствување против невооружено лице или повеќе лица. Во основа оружјето е составено од 3 основни дела, и тоа: лансер „FN306“, систем за препознавање на лице „FN VictoR-SP“ и колиматорски нишан со црвена точка (red dot). Лансерот „FN306“ во кој е сместена муницијата поседува 5 цевки од каде се испукува специјалната муниција „FN SP“ со калибар од 12,55 mm. Ефектот на специјалната муниција „FN SP“ е слична со ефектот на одбранбен стап (моќност околу 30 џули). Системот за препознавање на лице „FN VictoR-SP“ е иновативен систем за безбедносна помош, наменет за снимање и анализирање слики од околината (во реално време), со цел да ги препознае човечките форми и конкретно да ги карактеризира деловите на телото (овластена зона за дејство или ограничена зона). На пример, ако при нишанење системот препознае зона на исклучување, како што е нанишанета глава од човекот, системот го известува стрелецот или го прави нефункционално неубиственото оружје. Со ова оружје, практично, се овозможува безбедно решение, со цел зачувување на физичкиот интегритет на поединецот врз кој се дејствува.

Ивица Дамески





# Дали вештачката интелигенција може да го сопре ширењето на лажните вести

Во денешно време дезинформациите почнаа да се користат и во војната и воената стратегија. Но, неоспорно, тоа се интензивира со користење на паметни технологии и социјални медиуми. Сето ова доби поголемо значење поради тоа што овие комуникациски технологии обезбедуваат релативно нискобуџетен, ниско-бариерен начин за ширење на информациите. Прашањето е дали овој технолошки произведен проблем може да се реши со користење на технологијата

Континуираниот развој на нови технолошки решенија, како што е вештачката интелигенција, може да обезбеди дел од решението.Од психолошка перспектива, постојаната изложеност на истата информација го прави поверојатно некој да верува во тоа. Кога вештачката интелигенција ја детектира дезинформацијата и ја намалува фреквенцијата на нејзината циркулација може да го прекине циклусот на зајакнатото информациско ширење. Сепак, и со вештачката интелигенција тоа сé уште останува несигурно. Прво, тековното откривање се базира на проценката на текстот (содржината) и неговата социјална мрежа за да се одреди нејзиниот кредибилитет. И покрај одредувањето на потеклото на изворите и ширењето на лажните вести, основниот проблем е во рамките на тоа како вештачката интелигенција ја верификува вистинската природа на содржината. Теоретски гледано, ако количината на податоци за обуката е доволна, моделот на класификација поддржан од вештачката интелигенција би можел да толкува дали една статија содржи лажни вести или не. Сепак реалноста е дека правењето вакви разликувања бара претходни политички, културни и социјални знаења, или здрав разум, кои кај алгоритмите за обработка на природниот јазик сé уште недостасуваат. Покрај тоа, лажните вести можат да бидат многу нијансирани кога намерно се менуваат за да се појават како вистински вести, но содржат лажни или манипулативни информации. Вештачка интелигенција често ги диференцира темите, наместо вистински да се одреди прашањето на автентичност. На пример, статиите поврзани со COVID-19 имаат поголема веројатност да бидат означени како лажни вести отколку други теми. Предлог-решение би било да се вработат луѓе кои ќе работат заедно со вештачка интелигенција за да ја потврдат автентичноста на информациите. На пример, во 2018 година, Министерството за одбрана на Литванија разви програма за вештачка интелигенција која „ги означува дезинформациите во рок од две минути од нејзиното објавување и ги испраќа овие извештаи до човечките специјалисти за понатамошна анализа. Контролирањето на ширењето лажни вести, во некои случаи, може да се смета за цензура и закана за слободата на говорот и изразувањето. Дури и на човекот можеби му е тешко да суди дали информацијата е лажна или не. Кој и што ја одредува дефиницијата за лажни вести? Како да се осигураме дека филтрите на вештачката интелигенција нема да не вовлечат во лажната позитивна стапица, и неправилно да ги обележат информациите како лажни поради неговите поврзани податоци? Системот на вештачката интелигенција за идентификување на лажни вести може да има „злобни“ апликации. Авторитарните влади, на пример, можат да ја искористат вештачката интелигенција како изговор за да го оправдаат отстранувањето на кој било член или да ги тужат поединците кои не се во корист на властите. Иако сето ова е меч со две острици, дефинитивно вреди да се доделат ресурси за борба против дезинформации, користејќи ја вештачката интелигенција, но со претпазливост и транспарентност, со оглед на потенцијалните последици.

м-р Зорица Стојкова



# „Macchi M.C. 202"

**Иако Италија не е толку подготвена и повеќе е позната по летаргичниот пристап на војување, војување во кое голем дел од битките најчесто завршувале со пораз, таа за време на Втората светска војна го произвела еден од најдобрите, иако не толку прославен ловец – „Macchi M.C. 202"**

Малку е познато дека Италија била способна за производ на воздухоплов кој не само што ги следел трендовите на постојано подобрување и модернизирање на летачки карактеристики, туку во споредба со некои од сојузничките, па и германските ловци, авионот „Macchi M.C.202" бил далеку подобар. Имено, Италија, уште пред почетокот на Втората светска војна располагала со застарена техника, но тоа не ја спречило да издвојува неколку победи во Северна Африка и во Етиопија. Сепак, кога борбените сили на Италија се спортивставиле со британските вооружени сили на борбеното поле, започнале да се множат значителни порази. Несоодветната доктрина, отсуството на навремена модернизација и севкупната состојба на борбена технологија и техника, биле клучни причини за многубројните неуспеси на вооружените сили на Италија. Меѓутоа, покрај генералниот неуспех на италијанскиот воен систем, италијанското воздухопловство успеало да го задржи интегритетот и гордоста со производството на „Macchi M.C. 202".

## Дизајн

Целосното име на авионот е „Macchi M.C. 202 Folgore", каде што „Folgore" значи „Thunderbolt", а тоа е истото име на еден од најуспешните сојузнички ловци-бомбардери „P – 47 Thunderbolt". Авионот бил дизајниран од Марио Кастолди и се базирал врз дизајн на воздухоплов кој бил создаден пред војната, односно „C 200 Saetta". За разлика од воздухопловот „C 200 Saetta", „Macchi M.C. 202" бил придвижуван од мотор базиран на германскиот "Daimler Benz DB 601A" и имал воздушна конструкција која овозможувала помал отпор и подобри воздухопловни карактеристики на летање. Целата воздушна конструкција на авионот била изградена од метал. Дизајнот на опашот, хоризонталните стабилизатори и крилата биле базирани на мошне конвенционален дизајн. Скелетот на крилата бил изграден со 23 ребра. Под крилата се наоѓале тркалата на авионот кои се вовлекувале во авионот во внатрешна насоко со помош на хидраулична механизација, додека задното помошно тркало, лоцирано на опашот било фиксно. Италијанскиот воздухоплов бил придвижуван од мотор „Alfa Romeo RA 1000 R.C. 41 – I Monsone" кој, пак, бил на погон од три пропелери „Piaggio P1001". Оваа конфигурација предизвикувла еден мошне несакан ефект на неконтролирано вртење на авионот во лет. По неколку тестирања во обид да се најде проблемот, Кастолди заклучил дека вртењето на авионот се случувало во насока лево, па решението подразбирало продолжување на левото крило за 21 сантиметар. Радијаторот за маслото на авионот бил лоциран под носниот дел од воздухопловот, додека главниот радијатор за ладење на моторот бил лоциран под централната конструкција. Пилотската кабина се отворала странично. Пилотското седиште било армирано, додека пилотскиот наслон за главата бил во форма на буквата „Т" во обратна насока, што овозможувало поголем страничен преглед и комоција на пилотот. Позади пилотското седиште следувала дополнителна армирана плоча за заштита од топовска муниција. Позади армираната плоча се наоѓал резервоар за гориво со капацитет од 80 литри. Имено, главниот резервоар за гориво бил лоциран позади моторот на авионот и под главното вооружување кое се наоѓало на носот на авионот. Резервоарот имал капацитет за гориво

од 270 литри. Дополнителни резервари биле лоцирани во корењата на крилата со копацитет од 40 литри. Сите резервари имале само запечатувачки карактеристики. Воздухопловот бил способен за дополнителни надворешни резервари со капацитет од 80 литри, лоцирани на надворешни носачи на крилата. Главното вооружување на воздухопловот било лоцирано на носот на авионот. Тоа било конфигурација од два митралези со калибар 12,7 млиметри, со максимален капацитет од 800 парчиња на муниција. Подоцнежните варијанти на авионот, биле дизајнирани со дополнителен пар на митралези лоцирани во коренот на крилата. Овие митралези биле со калибар од 7,7 милиметри. Меѓутоа дополнителните 1000 парчиња на муниција за овој пар на митралези, создавале дополнителна тежина од 100 килограми. Најчесто пилотите ги отстранувале овие митралези со цел да добијат поголеми маневаски способности по цена на помала огнена моќ и тежина. Меѓу другото, митралези со калибар од 7.7 милиметри во 1942 година, скоро и да немале ефект на тогашните непријателски воздухоплови. Нишанската справа на авионот била одлична и фунцкионирала на ппринципот на рефлексија. „Macchi M.C. 202 Folgore" бил опремен со „San Giorgio" нишанска справа. Австралијанскиот АС Клајв Калдвел, тврдел дека доколку авионот „Macchi M.C. 202" бил опремен со потешко вооружување, би бил супериорен од германскиот „Messerschmitt Bf 109". Во првата половина на војната, иако авионот бил вооружен со два стандардни 12.7 милиметарски митралези, нивната муниција се разликувала од германската и пред се, американската. Таа била со фишеци долги од 81 милиметар, за разлика од американскиот калибар од 12.7 милиметри кој користер муниција со фишеци долги 99 милиметри. Овој сегмент претставувал клучен во ударната моќ на зрното. Авионот имал фрекфенција на пукање од 1080 парчиња муниција за период од 1 минута, или 18 парчиња муниција за период од 1 секунда. Тоа сепак било многу солидно за тоа време. Постојат многу документи и забележани изјави од врвни пилоти од Втората светска војна, дека италијанскиот воздухоплов бил изненадувачки одличен во неговите маневарски способности. Неговиот „остар" дизајн обезбедувал „нуркачки" напади со разорно дејство. И покрај релативно слабото вооружување во споредба со сојузничките ловци, авионот претставувал повеќе од достоен противник за кого сојузниците развивале посебни тактики за борба. Меѓутоа покрај одличните карактеристики авионот имал и неколку недостатоци кон кои италијанските пилоти морале да се приспособуваат. Иако авионот бил во категорија на „лесни" авиони тој сепак бил 300 килограми потежок од германскиот „Bf – 109 E". Механизмот за хранење на митралезите со муниција често се закочувал како резултат од големите вибрации предизвикани од моторот. Другиот недостаток бил, несоодветното радио, и тенденцијата на негов дефект. Ова биле неколку од недостатоците



| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „MACCHI C. 202 CB" | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 8,85 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 10,58 метри |
| ВИСИНА | 3,49 метри |
| МОТОР | Еден линиски мотор "Alfa Romeo RA.1000 R.C.41-I Monsone" со 12 цилиндри (ладење со помош на течност) и способност за развивање на 1159 коњски сили |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 600 километри на час |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 765 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 11500 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Два митралези „Breda-SAFAT" со калибар од 12,7 милиметри и капацитет на муниција од 400 парчиња<br><br>Два митралези „Breda-SAFAT" со калибар 7,7 милиметри и капацитет на муниција од 500 парчиња |







со кои пилотите живееле. Меѓутоа, и покрај ова, авионот бил пред своето време во поглед на перформанси и маневарски способности. Скоро сите италијански асови за време на Втората светска војна биле пилоти на „Macchi M.C. 202", вклучувајќи ги Адриано Висконти, Луиџи Горини, Франко Лучини, Франко Бордони и италијанскиот ас со најмногу соборени авиони, Тересио Виторио Мартиноли, кој имал 22 индивидуални победи, 2 можни и 14 поделени. Единствениот кој бил блиску до оваа бројка бил капетанот Франко Лучини, кој има 21 индивидуална победа. Лучини бил соборен додека изведувал маневарски напад врз формација на сојузничи „B-17" бомбардери над Гербини, Сицилија.

## Варијанти

Иако постоеле многу обиди и експерименти за модификација на авнионот, наведените се едни од најчестите и најуспешните варијанти на „Macchi M.C. 202".

**„Macchi C. 202"**
Оваа варијанта била првата која имала фабрички вградено пар на митралези со калибар од 7.7 милиметри, лоцирани во коренот на крилата. Дополнително, бил вграден преден армиран плексиглас на пилотскиот кокпит.

**„Macchi C. 202 AS & CB"**
Оваа варијанта била наменета за служба во Северна Африка, со тоа што имала фабрички вграден филтер против пустинската прашина и песок. Овој додаток не им пречел на перформансите на авионот, па набрзо станал стандардно фабричко надоградување во производството. Исто така, во оваа варијанта биле вградени и надворешните носачи за бомби и резервоари.

Димитар Даневски

## Сачмарка „Калашников МП-155 Ултима"

Едно од најновите рачни огнени оружја на рускиот концерн „Калашников" е полуавтоматската сачмарка „МП-155 Ултима" со футуритички дизајн. За разлика од другите современи огнени оружја кои се развиени како модуларни, со цел прифаќање на мноштво дополнителна опрема (оптички или термални нишани, ласерски нишани и друго), кај оваа модуларна пушка е отидено уште еден чекор понапред, односно во пушката е интегрирана современа компактна компјутерско-дигитална опрема. Како основа за развој на „МП-155 Ултима" е земен механизмот од докажаната класична полуавтоматска сачмарка „М-155". Освен челик, за нејзина изработка се користи алуминиумската легурата Т7075 и многу издржлив полимер за изработка на кундакот. Полимерското куќиште со кундакот се од мудуларен тип и во нив е интегрирана бројната електроника. По потреба кундакот може да се извади и пушката на крајот да завршува со пиштолски ракофат. Практично, пушката е опремена со најразлична опрема како, на пример мини компјутер со мал LCD-дисплеј, батерија, Wi-Fi и Bluetooth-конекција, компас и GPS, USB-приклучок, соодветен софтвер и друго. Благодарение на ваквата градба, на LCD-дисплејот може да се прикажуваат дигитален часовник, штоперица, бројач на испукани патрони, индикатор за патрон во цевката и друго. На повеќето Picatinny-шини кои ги има на оружјето може да се постават: нишанска камера, колиматорски нишан, ласерски нишан, тактичко светло и друга опрема по желба на корисникот. Предност кај ова оружје е можноста да се снимаат или сликаат пукањата и истите подоцна да се анализираат (време на реакција, број на истрели, број на погодоци и друго), а воедно можат и да се препратат на паметен мобилен телефон или друг компјутер. Во зависност од верзијата на пушката, дали поседува пиштолски ракофат или поседува кундак, должината на оружјето изнесува од 810 mm до 1.020 mm, а должината на цевката изнесува 510 mm. Оружјето ја користи муницијата 12/76, од кои во тубуларниот магацин можат да се сместат 6 патрони, плус еден патрон во цевката. Тежината на пушката изнесува 4,2 kg. Во зависност од типот на патрони, ефикасниот дострел на оружјето може да биде од 50 m до 70 m.

Ивица Дамески





Практичната примена на експлозивните материи за воени цели отсекогаш била условена со постоењето на разновидните системи на вооружување кои, во зависност од борбените задачи во дадени услови, требало ефикасно да се реализираат

# Општи поими за муницијата

Генерално, кога ќе се земе и ќе се анализира кој било систем на вооружување, може да се заклучи дека муницијата претставува само извршен елемент на системот, односно само елемент кој е наменет да ја реализира основната задача за која е наменет системот. Притоа, воопшто не е важно дали системот е класичен или ракетен туку, важно е во системот да има проектил кој треба да се лансира/исфрли на одредена далечина до целта заради извршување на задачи како што се уништување, неутрализирање и слично. Според тоа, кога се зборува за поимот „муниција", можеме да кажеме дека муницијата на еден систем на вооружување ја претставува проектилот со сите елементи за негово придвижување, водење, стабилизација при лет и елементите за дејство на целта. За разлика од останатите елементи на системот на вооружување, муницијата претставува енергетско средство за еднократна употреба, чие дејство трае многу кратко време. Оттука произлегуваат целата деликатност и сложеност во производството и складирањето, чувањето и одржувањето, односно безбедноста при практичното користење на муницијата. Елементите на муницијата можат да бидат конструкциски изведени на различни начини и често може да се работи за дијапазон од многу едноставни склопови до многу сложени склопови и уреди но, во суштина, нивната намена е иста. Кога зборуваме генерално, елементите на муницијата можеме да ги категоризираме според следното: елементи за погон на проектилот (барутни полнења, ракетен мотор и слично.); елементи за активирање на погонското полнење или елементите за припалување (ударни каписли, електрокаписли, припалувачи и сл.); елементи за водење на проектилот (водечки прстени, водилки, електронски системи за управување на летот и сл.); елементи за стабилизација при летот на проектилот (крилца и елементи за давање на ротација: водечки прстен, закосени млазници и сл.); елементи за дејство на проектилот на целта (полнење на проектилот, кошулица и сл.), елементи за активирање на проектилот на целта (разни видови на запалки).
Покрај горенаведените и, секако, најважни елементи, некои видови муниција можат да имаат и други составни елементи кои ги подобруваат одредени експлоатациони перформанси на истата. Такви елементи можат да бидат: чаури (кај класичната пешадиска и артилериска муниција), трасери (за визуелно или оптичко следење на летот на проектилот), балистичка капа (за аеродинамично обликување на проектилот) и самоликвидатори (за самоликвидирање на проектилот во случај да се промаши целта). На сликата е прикажана шема на класична артилериска муниција на која може да се уочи дека главниот елемент на муницијата е проектилот, кој треба да се исфрли – истрела на одредена далечина заради извршување на соодветен ефект како: разорувачки, осветлувачки, чаден, запалив или друг. На сличен начин може да се прикажат и останатите блок-шеми за другите видови на муниција како што се: муниција за минофрлачи, за рачни фрлачи, ракетна муниција и сл.). Различните конструкциски варијанти на елементите на муницијата најлесно може да се уочат со споредбена анализа на муницијата за три карактеристични системи на вооружување: артилериски куршум, мина за фрлачи и ракетни проектили.

Славчо Кузманоски




**Блок шема на класична артилериска муниција**



# Чатал – примитивно оружје кое се користи и денес

Чаталот (праќа, чепорошка) е веројатно едно од најстарите оружја кои му се познати на човекот. Неговата употреба датира уште од времето на примитивните заедници на луѓе, па сè до денешно време. Ова оружје, заедно со користењето на копјето, лакот, ножот и буздованот, спаѓа во редот на револуционарните промени во технологијата на вооружувањето кои следеле во текот на мезолитскиот период (12.000 – 8.000 пр.н.е)

Кој барем еднаш, не си играл со оваа „опасна играчка“! Колкумина другари биле повредени, додека со најдобра намера сме си играле со чатал? За разлика од дрвениот чатал со гумен каиш, кој сите го познаваме од детството, древниот чатал се состоел од еден ремен со лежиште за проектил, прицврстен за две врвки од кожа, коноп, струна или впредени црева. Проектилот се ставал во лежиштето кое се придржувало со една рака, двата составени краеви на чаталот се држеле во другата рака. Со испружување на слободната рака би се нанишанила целта, а потоа би се направил трикратен замав над главата. Со отпуштување на едниот крај од краевите на чаталот, проектилот, носен од центрифугалната сила би бил исфрлен. Како проектили за чаталот на почетокот се користело округло камење кое било лесно да се најде во природата, на морскиот или речниот брег. Со времето, почнале да се произведуваат зрна со посебна тежина и специфична форма, смислени да пружаат помал отпор на воздухот и во исто време да се зголеми брзината и дострелот, а со тоа и ефикасноста на оружјето. Познати се примероци на зрна од различни видови на камен, од магнетит, хематит, диорит, и други тврди материјали, но и од печена земја, олово и бронза. Чаталот како оружје на номадите и овчарите, користено против ѕверовите кои ги напаѓале стадата, можел да се користи насекаде за напад или одбрана на утврдените градови, против борните коли и коњаницата. Инаку, најстарото споменување на чаталот може да се најде во Библијата, која ја опишува борбата на овчарот Давид (идниот крал) и филистејскиот борец Голијат, заштитен со тежок оклоп.

Дострелот на древниот чатал во рацете на вешт стрелец и при идеални временски прилики можел да изнесува дури до половина километар. Во борбени околности, кои се најчесто далеку од идеални, можело да се очекува дострел од околу 200 метри и нешто повеќе, што зависело и од големината на чаталот, тежината и формата на проектилот, како и други бројни околности (изглед на релјефот, силина и правец на ветрот и слично). Тешки камени проектили со големина на тупаница, исфрлени од чатал, можеле да предизвикаат сериозни фрактури на коските на главата, екстремитетите или градниот кош. Во подоцнежните времиња чаталот со успех бил користен и при борби со оклопени противници. Гаѓање со проектили кои паѓале во висок лак било особено делотворно против бранителите на тешко достапните ѕидини на утврдувањата.

Во војската на Римското царство, како стрелци со чатали биле ангажирани воглавно странски најамници. Употребата на чаталот, Римјаните како и Грците ја презеле од Ориентот. Иако наизглед наивно и можеби за денешни сфаќања, примитивно оружје, сепак, зрната исфрлени од чатал во текот на антиката играле многу сериозна улога во војните.

Истурајќи врз противничките војници во напад или одбрана дожд од проектили, од кои некои биле тешки и по неколку стотина грама, стрелците со чатали го спречувале и забавувале противничкото напредување, па и нанесувале сериозни губитоци на непријателот, претставувајќи важна поддршка на главните воени сили. Во воената тактика на Римјаните, одредите на стрелци со чатали имале улога на помошни трупи, кои заедно со стрелците, копјаниците и посадите на разни фрлачки машини, подготвувале напад на тешката пешадија и коњица, дезорганизирајќи ги непријателските борбени редови. За разлика од тешко вооружената пешадија која морала да држи стабилна формација, лесно вооружените трупи излегувале позади првата борбена линија и го предизвикувале непријателот. Единиците на стрелци со чатали користеле воглавно проектили од керамика и олово, а нешто поретко и од камен. Керамичките зрна за чатал, најчесто се изработувале во големина на кокошкино јајце. Се претпоставува дека заради својата мала тежина (50-200 грама) и кршливост, овие проектили не можеле во војна да претставуваат смртоносно оружје. Предност над нив имале оловните зрна за чатал, како од логистички, така и од борбени причини. Од тоа време останала приказната дека одреди на платеници со стрелци со чатали се употребувале и во поморските борби за подготовка за истовар на непријателски брег или брод. Единиците вооружени со чатали идеално се користеле и за спротивставување на воените слонови. Дури и тие добро издресирани животни кои незадржливо ги пробивале непријателските редови, би испаничувале под постојаната стрелба на мали зрна исфрлени од чатал. Побеснетите слонови тогаш би бегале не разликувајќи ги сопствените трупи од тие на противникот.

Специјално и тивко оружје, едно од најстарите за кои знае човековиот род. За него не биле потребни индустрија за вооружување и опрема, фабрики за муниција и така натаму. Некогаш од чаталесто дрво, денес од најдобри, композитни материјали, некогаш се исфрлале камења, а сега може и ампули со солзавец, боеви отрови, метални топчиња и се она што може да лета. Чаталот е оружје кое на проектилот му предава кинетичка енергија, така што користи потенцијална енергија на растегнатите ленти прицврсени на дрво во форма на чатал. Чаталот се користи за забава, лов, исфрлање на разни предмети, но и како оружје на војската и полицијата. Поради својата нечујност, незабележливост и прецизност се користи и како оружје за специјалните единици. Мали се, лесни и релативно ефтини. Можат да предизвикаат тешки повреди, па дури и смрт. Тоа не е единствено оружје засновано врз затезната сила, па може да се каже дека е постар роднина на разните катапулти и лакови. Предностите на чаталот се многу значајни: проектилот достигнува брзини и до 120 метри во секунда. Се произведува едноставно, кружни замавнувања, со чаталот во погоден момент се исфрла каменот. Најзастапен е сепак дрвениот чатал. Самиот чатал има дршка која продолжува во чатал чии краци се под одреден агол. На краевите на краците се прицврстуваат ленти за затегнување, најчесто направени од гума или некој друг еластичен материјал. Служат потенцијалната енергија стекната со затегнување да ја претворат во кинетичка енергија на проектилот. Тие две ленти на средината имаат кожа со елипсест облик каде се става и држи проектилот пред и во текот на исфрлањето. Традицонално, чаталите се прават од дрво (орев, цреша, јоргован и други жилави видови). За изработка се бира



Го употребувале старите Евреи, Египќани, Асирци и други ориентални народи од коишто чаталот бил пренесен кај Грците и Римјаните. Инаку, најстарото споменување на чаталот може да се најде во Библијата, која ја опишува борбата на овчарот Давид (идниот крал) и филистејскиот борец Голијат, заштитен со тежок оклоп

дури и во домашни услови, а може да користи се што има каква-таква аеродинамика – од камења, топчиња од разни материјали, па до специјална муниција. Не бара никакви вештачки извори на енергија, туку само силата на стрелецот. Исто така се одликува и со релативно голема брзина на дејство. Конструкцијата на чаталот е толку едноставна, што може да се нарече и примитивна. Историски, најпознат е чаталот на Давид, оружје кај кое на крајот на два конопа се наоѓа лежиште од кожа во кое се става камен. Со неколку млада, жива гранка. По сечењето, гранката се чисти од кората и се суши недела дена завиткана во крпа. Исушената гранка се обработува со шмиргла. Растојанието помеѓу краците треба да биде четири до пет сантиметри и да бидат симетрични. Се разбира дека производителите не се ограничени само на избор на дрвото. Дизајнот на чаталот и понудените материјали овозможуваат бескрајни можности при креирањето, па така може да се видат чатали од челични шипки, алуминиум, импровизирани чатали од свиткани изолирани кабли, од пластика, дури

и направени од животински рогови. Обликот и конструкцијата варираат, а при тоа дозволуваат изработка на чатали по желба и намена. Така, за да се зголеми брзината на проектилот, краковите може да бидат подолги и под помал агол, што овозможува и подобро истегнување на гумата. Може да се користи и шуплива гума (црево). Во поново време, кога полициската и воената пракса тоа го усвоила, дојдено е до понатамошни иновации, па чаталите станале посложени. Се користат разни видови на забрзувачи (гас, со пружина), а силата се пренесува преку блок-мултипликатор кој ја засилува силата за исфрлање на проектилот. Таквите чатали се повеќе наликуваат на современите самострели. Сите тие дизајнерски и конструктивни зафати мора да испочитуваат две основни барања: можност за интуитивно гаѓање и минимална големина заради полесна употреба или прикриено носење. Современите модели на ловечки, спортски, полициски и воени чатали имаат се почесто ергономска ракофатка од пиштолски тип. Постојат и бројни додатоци како што се потпирка за раката, баланс со баласт, разни противтегови за стабилизација, па дури и нишан или ласерски обележувач. Така чаталот се доближува по прецизноста на стреличарските стандарди.
Сите овие додатоци секако ги зголемуваат димензиите на чаталот, но предностите (прецизност и моќ) се такви, што стрелците лесно се навикнуваат на нив.
Главна компонента на чаталот е акумулирање на енергијата која се постигнува со влечење на еластични материјали. Тој материјал мора да има доволна способност после растегнувањето да се врати во претходната состојба, како би можел чаталот повторно да се употреби. Предноста на чаталот е во тоа што муницијата е многу достапна, па и бесплатна, бидејќи стрелецот може да избере дури и камење по своја желба и намера. За да се зголеми дострелот, прецизноста и ефектот врз целта, стрелците често користат метални топчиња, свиткани парчиња подебела жица, шрафови, шајки и така натаму, практично се што им одговара и им е при рака. Најпогоден е сферичен материјал, па професионалните чатали користат оловни топчиња со тежина од два до седум грама и со нив достигнуваат дострел и до 400 метри, при брзина и до 120 метри во секунда. Најдобри резултати се постигнуваат до 50 метри. Прецизноста зависи од психофизичките особини на стрелецот, влијанието на временските прилики, обликот и тежината на проектилот, како и од други параметри. Така и разорната сила на проектилот зависи од начинот на затегнување и конструктивните вредности на чаталот и силата на стрелецот. Воопшто, енергијата која се предава на проектилот е релативно мала и ретко поминува 5 џули, што може да се спореди со посилните воздушни пушки. Тоа е доволно за елеминирање на ситни штетници, но и за пробивање на тенок лим (до 0,5 мм), или на шперплоча (3-4мм). Во производство и понудите на пазарот има чатали кои можат да развијат енергија и до 100 џули. Вакви чатали во некои земји се забранети, бидејќи е докажано дека во текот на демонстрациите можат да пробијат полициски шлем. Веќе ја споменувавме војничката употреба на чаталот. Денес, кога станува збор за воено-полициска употреба, ограничена е на специјални дејства (исфрлање на ампули со солзавец, но и пригушено дејство по осамени стражарски места или дури и при атентати). Секако дека таквата употреба бара врвна обученост и подвижност на самиот стрелец. Во поново време, војската ги користи за лансирање на беспилотни летала. Чаталите многу се користат во спортски и во забавно-рекреативни намени, гаѓање на конзерви, празни шишиња, балони и така натаму, а популарни се и во пеинтболот. Постојат клубови и асоцијации каде што луѓето се натпреваруваат во гаѓање со чатал.
За време на Првата светска војна, во рововските борби, големите чатали служеле за исфрлање на разни видови на мини и бомби. Куриозитет претставува и податокот што бил забележан за време на Шпанската граѓанска војна при борбите околу фашистичкото упориште Алкасар во 1936 година, кога се користени чатали, и тоа за уфрлување на гранати преку бедемот на опседнатото утврдување. И денес, употребата на ова древно оружје често ја бележат телевизиски репортажи, особено за судирите помеѓу палестинските демонстранти и израелската војска. Уште од библиско време, па сè до денес, докажано е дека најдолго траат наједноставните оружја, а чаталот е токму такво орудие/оружје.

Александар Стојчевски



Ова исконско оружје на првите номади, овчари, сточари и ловци, едноставно по облик и употреба, ги надминало многу други посложени, облици на оружје. И покрај суштинските измени кои на бојното поле ги донеле употребата на барутот и огненото оружје, податоци за користење на единици на стрелци со чатал во војските на феудалната Европа се среќаваат сè до 16 век, па и подоцна. Во време кога огненото оружје ја потиснала употребата на лакот и самострелот, чаталот ќе се користи и понатаму



# Стратегија за отпорност и развој на северот на Мозамбик

Пет години откако насилните екстремисти почнаа да ја напаѓаат северната провинција Кабо Делгадо во Мозамбик, земјата почна да работи на својата прва стратегија за борба против тероризмот. Се очекува оваа Стратегија за отпорност и развој на северот на Мозамбик да биде финансирана од донатори во износ од стотици милиони долари

Стратегијата за отпорност и развој на северот е одобрена од страна на Владата во првата половина на 2022 година. Ова, всушност, е и првиот официјален документ што ја препознава улогата на внатрешните фактори во создавањето на конфликтот. Во неа се наведуваат социоекономските нееднаквости, фрустрацијата поврзана со експлоатацијата на природните ресурси, која особено преовладува кај младите на северот од државата, политичката и економската исклученост и перципираната маргинализација од страна на локалното население.
Прашањата се повеќеслојни но, главно, се поставува прашањето, дали е ова обична реторика за барање финансирање, односно финансирање за што или за кого. Или, дали новата стратегија покажува вистинска промена во ставот на владата на Мозамбик?
Инаку, на хартија, стратегијата претставува голема промена во пристапот на владата кон бунтот, кој првично го нарече „надворешна агресија извршена од терористи.“ Односно, уште во декември 2021 година, претседателот Филипе Њуси им вели на пратениците дека „она со кое се соочуваме е чист вандализам, предводен од туѓата алчност против нацијата што треба да направи квалитативен и квантитативен скок“.

## Решенија за локалните проблеми

Преку стратегијата, Мапуто има намера да мобилизира средства за спречување и спротивставување на насилниот екстремизам во Кабо Делгадо и во неговите соседни провинции Нијаса и Нампула, кои ја имаат истата социјална и економска структура. Донаторите, кои веќе се познати, ги вклучуваат Африканската банка за развој, Светската банка, Обединетите нации и Европската Унија, кои даваат свој допринос за стратегијата. Конечниот буџет се проценува на стотици милиони долари, кои треба да се исплатат во три фази во текот на пет години. Но, може да се појават и други донатори.
На вонредниот самит на шефовите на држави на Јужноафриканската развојна заедница на 12 јануари во Лилонгве, лидерите ја поздравуваат идејата за Меѓународна конференција за поддршка на економската и социјалната реконструкција на Кабо Делгадо. Тие ги повикуваат меѓународните партнери да ја поддржат иницијативата.
Самата стратегија за отпорност и развој на северот се состои од три столба: поддршка за изградба на мир, безбедност и социјална кохезија; реконструкција на општествениот договор меѓу државата и населението и економија за обновување и отпорност. Истите ќе бидат реализирани од страна на владина агенција.
Првиот столб има цел да ја зајакне социјалната кохезија, вклучително и меѓу раселените лица и заедниците домаќини. Намерата е да се развие капацитетот на државата и заедницата за градење мир и помирување преку

партиципативен дијалог и активности за спречување на насилниот екстремизам и радикализам. Исто така, има цел да ја поддржи инклузивната правда и безбедноста на заедницата и да ја олесни прекуграничната соработка за зајакнување на граѓанството и бизнисот. Вториот столб се однесува на разумен пристап до јавните услуги и зајакнување на инклузивното владеење и учеството на граѓаните. Намерата е борба против корупцијата и прераспределба и фискална транспарентност. Главната цел е да се промовира одржливо и партиципативно управување со земјиштето и со природните ресурси и да се поддржи социјалното домување, особено за младите луѓе.
Третиот столб е санирање на штетите предизвикани од приходите, особено во секторите земјоделство, рибарство и шумарство. Промовира економско закрепнување преку поддршка на приватниот сектор, вклучително и туристичката индустрија, како и поправање и одржување на инфраструктурата. Акцентот е ставен на подобрување на улогата на екстрактивните активности (како ископ и користење на минерали и искористување на природното богатство) во социоекономската интеграција на луѓето од Нијаса, Кабо Делгадо и Нампула. Вклучен е и подобар пристап до финансиски услуги и градење капацитети.
Стратегијата претставува чекор напред бидејќи предлага решенија за локалните проблеми што го поттикнуваат бунтот. Но, политичките лидери во земјата ќе треба да се посветат и на решавање на социо-економските нееднаквости, социјалните фрустрации меѓу младите, политичкото исклучување и перцепциите за маргинализација. Прашањето е дали ќе се успее или стратегијата е изготвена со цел да се донесат средства, а не нешто друго. Раководството на земјата и влијателните членови на владејачкиот Ослободителен фронт на Мозамбик (ФРЕЛИМО) сè уште не можат да прифатат дека има внатрешни проблеми кои, всушност, го генерираат конфликтот во Кабо Делгадо. Така, на пример, Џакинто Велосо, ветеран од Мозамбиканската ослободителна борба и член на Советот за национална одбрана и безбедност, верува дека нападите се финансирани од странски конкуренти кои се наклонети да ги саботираат гасните проекти на Мозамбик. Нјуси размислува на сличен начин што може да се види од неговите јавни изјави – дека Мозамбичаните се убиваат меѓусебно поради проблемот со гасот.



## Стратегијата треба да ја спроведуваат кредибилни тела кои ја уживаат довербата на локалното население

Ако политичката партија ФРЕЛИМО, која управува со земјата уште од периодот на прогласување независност во 1975 година, признае дека внатрешните проблеми во државата се двигател на конфликтот во Кабо Делгадо, всушност би признала дека нивното раководење со државата е неуспешно. Со тоа би признале дека наместо богатство и кохезија, тие генерираат социоекономска нееднаквост, младинска фрустрација и политичко и економско исклучување. Она што во моментот е најважно, е тоа дека ФРЕЛИМО ќе треба да ги убеди своите сопартијци дека сегашниот стил на владеење мора да се промени. Ова би значело крај на партиските елити кои во моментот имаат корист од деловните можности, работните места и најплодните земјишта во земјата. Затоа и посветеноста на иницијативата за промена е од витално значење за сиромашните заедници во Кабо Делгадо, Нијаса и Нампула и целата земја, за да има корист од богатството на земјата, како што се рубините Монтепуез или плодните земји на Макомија. Без ова, Стратегијата за отпорност и развој за северот ќе пропадне а парите од донаторите само ќе ја збогатат елитата наместо да ги решаваат внатрешните поплаки. Всушност, како што вели Џеки Силиерс, раководител на програмата на Институтот за безбедносни студии и африкански иднини и иновации (во оригинал: Institute for Security Studies' African Futures and Innovation programme), Владата на Мозамбик треба да се заложи за оградување на некои приходи од гас за финансирање на социјалните грантови. И, како што вели тој, надворешните донации не треба да го надминуваат придонесот што го дава самата влада на Мозамбик. Воедно, стратегијата за борба против тероризмот треба да ја спроведуваат кредибилни тела кои ја уживаат довербата на локалното население – наместо оние кои се одговорни за примена на јавни политики кои ги исклучуваат сиромашните. На крај ,за да успее стратегијата, мора да има нула корупција, нулта непотизам и нулта политичко покровителство.

м-р Билјана Поповска
*(адаптирано од Борхес Нхамир, консултант, ISS Преторија https://issafrica.org/iss-today/mozambique-shifts-gear-with-its-new-strategy-for-the-north)*






# Синиот хеликоптер

И покрај тоа што овој хеликоптер беше во сопственост, употреба, одржување и управување од страна на тогашната милиција, тој имаше повеќенасочно значење. Беше употребуван, првенствено, на полето на контролата на безбедноста на патниот сообраќај, но неговата улога беше видлива и на полето на контролата на републичките, односно државни граници на тогашната држава. Тоа беа главните цели на неговата приоритетна употреба.
Со текот на времето, според републичките видувања, тој почна да се употребува и за низа други активности како, на пример: трагање по криминалци и бегалци, трагање и спасување на човечки животи, помош на унесреќени, обука на падобранци, извидување на отворени пожари, носење на метеоролошки екипи до објектот лоциран на Солунска Глава, снимање на секвенци за документарни и долгометражни филмови, аеромитинзи и низа други активности.

Хеликоптерот беше од типот „Агуста бел 206" (Agusta Bell 206 A – Jet Ranger), со сериски број 8175 и тогашна регистарска ознака YU-HAN. Можеше да го управува само еден пилот, а притоа да понесе четири патници. Овој тип воздухоплов развива брзина од 0 – 224 км/час, со нормална просечна крстаречка брзина од 190 км/час. Неговата должина изнесува 12,11 м, а дијаметарот на роторот (вртечките елиси) изнесува 10,16 метри. Тежината на празен хеликоптер изнесува 777 кг, а максималната полетна тежина може да биде 1451 килограм. Истиот беше произведен во лиценцираната европска фабрика



во Италија. Со тоа американскиот тип едномоторен хеликоптер „Бел 206“ стана дел од историјата на иманентната македонска авијација. Со испораката на ова летало, Републичкиот секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија стана втор полициски оператор на хеликоптер на територијата на поранешна држава. Првиот таков оператор беше тогашната милиција на некогашна СР Словенија. Настанот го регистрираа сите медиуми, главно со наслов „Специјална милиција за извршување специјални задачи“.
Оттука се поставува прашањето кој беше првиот пилот на овој прв македонски хеликоптер. Тоа бил Владо Трајковиќ (1930 – 1991 г. во Скопје) кој, слушајќи ги авијатичарските сеќавања на својот татко, решително тргнал да гради сопствен воздухопловен пат. Започнал со воздухопловно моделарство, носејќи во себе желби и надежи за многу повисоки небески возвишености. Неговата воздухопловна непредомисливост се надополнила со периодот на обврската за отслужување на воениот рок во 1950 година. Меѓу малкутемина младинци од тогашната држава, бил регрутиран во Школата за резервни офицери на авијацијата како падобранец. Подоцнежниот воздухопловен развој го води низ бесшумните летови на едрилиците, во падобранската симбиоза на небото и земјата, како и во моторно летање на авионите кои ги вкрстувале неговите безгранични паралели. Со таков кариерен развој Владо станал првиотбпрофесионален пилот и инструктор на првиот македонски хеликоптер „Агуста Бел 206“. Тој станал безбедносна врска помеѓу безграничните небески хоризонти и пространите аеродромски и природни земјени релјефни простори. Создаде нераскинлива врска меѓу своите ученици и следбеници но, пред сè, стана безбедносна меѓа помеѓу прекршители, бегалци и хулигани наспроти правдата и правичноста. Создаваше дух на хуманост и хуманитарност, а им давал и прва помош на настрадани и унесреќени. Едноставно, создаваше нова сага за македонското воздухопловство и полиција, македонската безбедност и заштита, со невообичаена врска меѓу небото и земјата. Паралелно со него, прв авиомеханичар кој се грижеше за техничката исправност на хеликоптерот беше остручениот Миле Серафимовски.

Во мноштвото забележани воздухопловни настани во мојот аеродневник, поврзани со безбедноста, заштитата, суверенитетот и одбраната на македонската територија, видно место зазема набавката и употребата на првиот, тогаш, милициски хеликоптер. Велам првиот, затоа што тој беше прв воздухоплов со целосна и единствена сопственост на тогашниот Републички секретаријат за внатрешни работи на СР Македонија, набавен со републички буџетски средства

Можеби некои возачи сè уште се сеќаваат на првичната употреба на тој хеликоптер кога движејќи се по автопат, во услови на недозволено престигнување, некој глас од воздух ги опоменувал да не го прават тоа. Тоа бил глас од полициските службеници во хеликоптерот на кој имаше приклучено и разгласни уреди. Со таква цел и со сета почит кон задачите и професијата, Владо и хеликоптерот „Бел 206“, можеа да се сретната на многу неочекувани и непрегледни терени и локации за контрола кои, пак, од своја страна, бараат посебна умешност, вештина и пилотска пожртвуваност.
Есента 1972 г. првиот македонски хеликоптер, пилотиран од страна на Владо Трајковиќ, доживеа неочекувана несреќа во која хеликоптерот беше непоправливо оштетен. Несреќата се случила за време на специјална хеликоптерска поддршка на операцијата за реконструкција на монструозно убиство кое се случило во реонот на селата Урвич и Јеловјане, во подножјето на врвовите на Шар Планина. Несреќата се случила во сложени метеоролошки услови со „рафални“ ветришта, во момент на полетување. Притоа, леталото било поместено од силниот ветер и со роторот од опашката удрило во дрво. Во несреќниот настан хеликоптерот бил непоправливо уништен, а пилотот Трајковиќ помина со помали и лесни телесни повреди. После обемната истрага на конкретната несреќа беше утврдено дека не станува збор за пилотска грешка, така што штетата ја исплати осигурителната компанија. Со истите финансиски средства, добиени од обесштетувањето, повторно беше набавен нов хеликоптер, од истиот тип, а Владо Трајковиќ продолжи да пилотира и со него, извршувајќи ги зацртаните задачи. Со тоа беше трасиран патот на осовременување и зацврстување на безбедносниот полициски бедем, прво на републичко, ниво а подоцна и во услови на самостојна македонска држава.
Рамката на безбедносниот и одбранбен државен бедем беше надополнуван и со нераскинливата соработка со армиските воздухопловни сили. Таква желба и одговорност носеше и Владо Трајковиќ, пилотирајќи со првиот македонски милициски (полициски) хеликоптер од типот „Агуста бел 206“. Тој, својата пилотска улога, во интерес на одбраната, заштита и зацврстувањето на безбедноста на македонската територија, ја исполнуваше до своето пензионирање. Овој верен пилот на хеликоптер зад себе остави вредни искуства, како и нови генерации пилоти и хеликоптери, а почетоци беа основа за забрзан напредок и воздухопловна модернизацијата на денешната македонска полиција. Следуваше збогатување и осовременување и на оваа хеликоптерска служба, како квалификативно така и квантитативно, но соодветно на денешните државни потреби.



Ѓорги Чачкиров




# Музеј на војската на Полска

Музејот на војската на Полска е сместен во срцето на седмиот најнаселен главен град на Европската Унија – Варшава и ја опишува богатата историја на полската војска. Самиот музеј постои повеќе од сто години и истиот за прв пат е отворен во април 1920 година за време на втората Полска република

Музејот на војската на Полска со своите 250 000 експонати претставува интересна мешавина на опрема од различно потекло (источно и западно) како и долг период започнувајќи со експонати кои датираат од 10ти век па се до денес. Со помош на странски и домашни донации како и низ набавки бројот на експонати од година во година расте. Во 1993 година музејот се шири и воспоставува два свои ограноци и тоа Музејот посветен на Катин и музејот на полската воена технологија. Во 2015 година на музејот на војската на полска се приклучува и музејот на оклопни возила. Музејот на војската на полска е дел од националниот музеј на полска. Во 2008 година музејот најави и започна постапка за изградба на нова музејска зграда. Новата музејска зграда треба да се изгради во историска цитадела во Варшавската област „Zoliborz“. Воедно, истиот се планира да биде еден од најмодерните интерактивни музеи во Европа. Моменталната локација на музејот е во едно крило на Националниот музеј на Полска. Музејот, на годишна основа, го посетуваат околу 150 000 посетители. Внатрешните поставки се поделени на неколку сегменти кои низ хронолошки редослед го опишуваат растот и историјата на полската војска. Музејската колекција брои околу 9000 парчиња огнени оружја од различен вид како што се: пиштоли, пушки, рачни бомби, митралези итн. Особено се истакнува автоматската пушка „Mors- 39“ кој е една од четири вакви пушки преостанати во целиот свет. 7000 различни видов на сабји, бодежи, ножеви, бајонети итн. кои датираат од 16ти век па се до денес. Некои од примероците на ладно оружје им припаѓале или се поврзани со важни личности од историјата на полска. Огромна колекција на ориентални ладни оружја и униформи кои потекнуваат од Индија, Турција и Кина. Особено е богата колекцијата на јапонски орудија, самурајски оклопи, ладни оружја и церемонијални примероци кои се од особена уникатност на светско ниво. Колекцијата на униформи и делови од опрема изнесува околу 21 000 примероци. Најраниот примерок датира од 18 век. Особено интересна е колекцијата на странски униформи од периодот на минатиот век и примероците на летачки палта и капи на истакнати полски пилоти. Во приземјето на музејот има пет хали кои се тематски поделени. Првата од нив е Средновековната хала во која се изложени експонати на војската на полска од 10 век па се до 15 век. Низ голем број на лични оклопи, бодежи, сабји, копја и заштитни оклопи за коњи е претставена Ренесансната хала. Останатите три хали се наречени Соблеска хала, хала седумнаесетти век и Саксонска хала. На горниот кат распоредени се следните хали Јануарската востаничка хала, хала патот кон независноста, хала втората република, Септември 1939, полските трупи во втората светска војна- каде има доста примероци

на вооружување и опрема од истиот период помеѓу кои и два примероци од „Енигма“-машини за шифрирање. Полската подземна држава, Варшавското востание и халата со ориентални оружја се последните три хали во горниот кат.
Надворешната поставка е составена од повеќе експонати распоредени во паркот околу главната музејска зграда. Со ненаметлив и добро синхронизиран распоред на експонатите посетителите можат да уживаат и да погледнат доста ретки експонати кои, иако изложени на надворешно влијание, тие се во добра состојба. Изложените експонати датираат од различни периоди започнувајќи од 15 па до 20 век, како и од различни производители/потекло. Доминираат авиони, тенкови и хеликоптери, но може да се видат и различни артилериски орудија, ПВО-системи, бродски топови и слично. Во постојана поставка, во надворешниот дел има експонати кои се вредни и уникатни на светско ниво. Како особено интересни и карактеристични експонати од артилериските орудија кои се изложени во надворешниот дел се: двата француски топови од 1754 и 1757 година, цевка од руската хаубицата 305 мм од 1915 година (една од двете преостанати на светско ниво), француската опадна хаубица калибар 280 мм (двете преостанати на светско ниво се во музејот), артилериските гранати од германскиот тежок 600 мм минофрлач „Karl“ и од германскиот 800 мм топ „Dora“. Од оклопните возила и тенкови кои се изложени и некогаш користени од страна на полската армија се: руските „Т-34“, „Т-55“, како и канадската верзија на „M4 Sherman“ – „Grizzly“. Особено внимание привлекува и поставката посветена на поморското војување. Во овој дел се изложени: крајбрежните топови, од кои се истакнува 152 мм топ кои претходно е користен во крајбрежната батерија „Laskowski“, противторпедна мрежа, главното топовско орудие од минополагачот „Gryf“ и така натаму. Советската колекција на авиони од Втората светска војна изложена во надворешниот дел на музејот е уникатна на глобално ниво. Во неа се изложени: „IL-10“, „Pe-2FT,TU-2S“, „Jak-9P“ и „IL-2M3“, едни од трите преостанати авиони од овој тип во цел свет. Покрај овие авиони колекцијата на воздухоплови ја збогатуваат и авионите: „МИГ-29“, „МИГ-21“, „Su-25“, „Su -22M4“, како и хеликоптерите „Mi-24“, „Mi-8“, „Mi-2“ итн. Покрај големиот број на експонати, во надворешниот дел се изложени и неколку споменици-скулптури посветени на моменти од историјата како и различни значајни личности кои имаат дадено значаен печат на историјата и развојот на војската на Полска.
Музејот, покрај изложбениот дел, поседува и голема иконографска колекција и библиотека која располага со над 33 000 книги. Конзервацискиот и реставраторско одделение на музејот постојано врши зановување и заштитување на голем број експонати. Музејот нуди и голем број на едукативни понуди за претшколска возраст, за основно образование и за средношколци, историски часови, организирани тури со кустоси. При овие посети, најмладите посетители, не само што имаат можност во детали да се запознаат со воена историја, туку имаат несекојдневна можност да допрат дел од експонатите, па и да облечат делови од униформите или средновековните оклопи и со истите да се фотографираат.
Музејските врати се отворени секој ден, со исклучок на понеделник и вторник со почеток во 10.00 до 16.00 часот. За обиколка на внатрешниот и надворешниот дел би ви биле потребни приближно 3 часа. Влезницата изнесува 20 PLN (полски злоти) или 4,5 €, со тоа што секој четврток влезот во музејот е бесплатен. Музејот, и после една деценија работење, сè уште се води според принципите и мисијата на својот основач, маршалот Јозеф Пилсудски, кој вели: „Нацијата, која не го почитува своето минато и историја, не заслужува почит од сегашноста и нема право на иднина“.

Златко Блажески







# Јавната дипломатија во улога на промоцијата и брендирањето на државата

Најважната цел на јавната дипломатија е да промовира и да конципира одредена претстава и слика за конкретна земја или посакувана перцепција за државата, одредени вредности, идеи или претстави, врз основа на уверливи факти. За една држава да има развиена и ефективна јавна дипломатија, потребно е да постои висока усогласеност помеѓу креаторите и реализаторите на надворешната политика во однос на студиозно, систематско и координирано пристапување и дејствување во делокругот на јавната дипломатија, преку постојана соработка со дипломатско-конзуларните претставништва, културно-информативните центри, како и образовно-развојните програми и многу други форми на соработка.

Јавната дипломатија претставува нов концепт во промовирањето на надворешната политика, што има цел да ѝ помогне на државата при остварување на надворешнополитичките цели, посебно на јавнодипломатски активности кон странство (јавност во конкретна држава, регионална или меѓународна јавност), како и кон одредени групи од областа на образованието, науката, деловниот сектор, културата, верските заедници и друго

Според Ханс Туш, јавната дипломатија претставува отворен комуникациски процес кој се базира на принципите на публицитет. Тој се обидува да ѝ се обрати на јавноста, за разлика од традиционалната дипломатија чиишто главни карактеристики се тајноста и ексклузивитетот. Јавната дипломатија не се заснова само на стандардни дипломатски умешности и вештини, туку и на умеења од сферата на медиумско-информативни и културни стратегии. Постојат две цели кои јавната дипломатија ги реализира како „јавна“ која, всушност, врши креирање и развивање на позитивниот имиџ на државата, истовремено креирајќи плодна почва за разбирање помеѓу народите и

државите. Во поглед на „тајните“ цели, јавната дипломатија има цел оформување на сопствени сфери на влијание, како на внатрешнополитичките процеси така и на подготовката на теренот за пласман на сопствени идеи, но и производи, со понатамошна поддршка на сопствените глобални политики.
Јавната дипломатија се разликува од традиционалната дипломатија по тоа што вклучува меѓусебни односи, не само со владите,туку првенствено со невладини лица и организации што, всушност, треба да го разбереме како јавно лице на традиционалната дипломатија.Американскиот научник Џозеф Нај тврди дека моќта на привлекувањето може да претставува важно дополнување на традиционалните форми на моќ кои се базирани на соодветна економска или воена сила. Тој разликува и дефинира два вида, односно „тврда” и „мека” моќ. „Меката” моќ, всушност, функционира на тој начин што ги убедува останатите да следат или ги наведува да се согласат на норми и институции кои го поттикнуваат посакуваното однесување.
Сите влади, генерално, посветуваат внимание на начинот на кој зголемувањето на глобалната комуникација, ширењето на демократијата, растењето на глобалните невладини организации и развојот на моќни мултилатерални организации ја менуваат природата на моќта во рамките на општеството и ја менуваат силата на владите и нивните дипломатии.
Авторите Benno Signitzer и Timothy Coombs во своето дело „Public relations and Public diplomacy“, јавната дипломатија ја претставиле и ја дефинирале во неколку точки: процес на градење на непосредни односи, остварување на контакти со цел заштита и постигнување на одредени интереси, управуван/менаџиран процес на комуникација со странската јавност, преклопување (приближување) на границите помеѓу внатрешната и надворешната политика и помеѓу внатрешните јавни односи кон домашната публика и јавната дипломатија која по дефиниција е насочена кон странските публики.
Јавната дипломатија комуницира и ѝ се обраќа подеднакво и на домашната и на странската економска, културна, академска, образовно-научна, еснафска, спортска или општо-граѓанска јавност, со еднакво внимание и уважување. Таа, со своите методи, инструменти и алатки, може на многу ефикасен начин да ги презентира надворешнополитичките интереси, како и целокупните вредности на својата земја и суштински да придонесе кон зајакнувањето и подигнувањето на угледот во светот. Во дипломатската практика вообичаени се настапи на акредитирани дипломати и други официјални дипломатски претставници во јавноста и непосредно коментирање по одредени прашања од интерес за земјата домаќин, кои се предмет на интересирање на меѓународната политика, но е потребно да се внимава да не се премине границата на правилата за дипломатско однесување.

м-р Зоран Василески
м-р Каролина Мицевска



„Не постои држава, влада или меѓународна организација која нема обврска да комуницира со јавноста и детално да ја информира истата таа јавност за своите намери и цели.... Но, во светот на глобалните информации и најновите достапни медиуми, стана многу јасно дека постојат многу малку работи што можат да останат скриени. Единствена стратегија останува само онаа што нуди адекватна информација, која говори со јазикот на фактите и аргументите и која е рационална. Тоа е и причината зошто НАТО алијансата, токму на јавната дипломатија и придава толку важно значење како политички инструмент”
С. Бабст – Сектор за јавна дипломатија на НАТО





# Диего Ривера – сликар на угнетените маси

На 8 декември 1886 година во Гуанахуато Сити, Мексико, е роден Диего Марија де ла Консепсион Хуан Непомуцено Естанислао де ла Ривера и Бариентос Акоста и Родригез, во светската историја на уметноста запаметен само како Диего Ривера, наголемиот мурален сликар. Потекнува од семејството на Марија дел Пилар Бариентос и Диего Ривера Акоста, добро ситуирано семејство. Неговата мајка, Марија дел Пилар Бариентос, се смета дека има Конверсо потекло (шпански предци кои биле принудени да преминат од јудаизам во католицизам во 15 и 16 век). Во 1935 година Ривера напишал: „Моето еврејство е доминантен елемент во мојот живот“. И покрај тоа што никогаш не бил воспитан да ја практикува еврејската вера, Ривера почувствувал дека неговото еврејско потекло ја формирало неговата уметност и „сочувствувал со угнетените маси“.  Диего имал мексиканско, шпанско, индиско, африканско, италијанско, еврејско, руско и португалско потекло .




Ривера почнал да црта на тригодишна возраст, една година по смртта на неговиот брат-близнак. Кога бил фатен како црта по ѕидовите од куќата, неговите родители поставиле табли и платно на ѕидовите за да го охрабрат. На десетгодишна возраст  Ривера почнал да изучува уметност на академијата „Сан Карлос“ во Мексико Сити. Тој бил спонзориран да продолжи да студира во Европа од Теодоро А. Дехеса Мендез, гувернерот на државата Веракруз.
По пристигнувањето во Европа во 1907 година, Ривера прво заминува за Мадрид, Шпанија, за да студира кај Едуардо Чичаро , а од таму заминал во Париз, Франција, тогашна дестинација за младите европски и американски уметници и писатели кои се населиле во евтини станови во Монпарнас. Неговиот круг на пријатели го посетувале Ла Руше, каде што неговиот италијански пријател, Амедео Модиљани, го наслика неговиот портрет во 1914 година. Неговиот круг на блиски пријатели ги вклучуваше Илја Еренбург, Хаим Соутин, Модилјани и







неговата сопруга Жана Хебутерн, Макс Џејкоб, сопственикот на галеријата, Леополд Зборовски и Мојс Кислинг. Поранешната љубовница на Ривера, Мари Воробиеф-Стебелска (Маревна), го има овековечено кругот во една нејзина слика – „Почит на пријателите од Монпарнас“ во 1962 година. Во тие години некои истакнати млади сликари експериментираа со уметничка форма која подоцна ќе биде позната како кубизам, движење предводено од Пабло Пикасо и Жорж Брак. Од 1913 до 1917 година, Ривера со ентузијазам го прифаќа овој нов уметнички стил.
Околу 1917 година, инспириран од сликите на Пол Сезан, Ривера се насочува кон постимпресионизмот, користејќи едноставни форми и големи површини со живи бои. Неговите слики почнале да привлекуваат внимание, па во тој период успева да направи неколку изложби. Есента 1927 година, Ривера оди во Москва, Советскиот Сојуз, која во тој период е најавангардното уметничко место во светот, откако ја прифатил владината покана да учествува на прославата на 10-годишнината од Октомвриската револуција. Како близок пријател на Троцки, во 1928 година советските власти го протеруваат, под обвинение дека е вмешан во антисоветска активност. Всушност, тоа е периодот кога започнуваат првите чистки во Советскиот Сојуз, што да порачката да изработи мурал за Клубот на Црвената армија останал неостварен проект.
При престојот во Советскиот Сојуз остварил контак со еден Американец, Алфред Х. Бар Јуниор, кој ќе стане негов пријател и покровител, дотолку повеќе што Бар подоцна ќе стане основач на Музејот на модерна уметност во Њујорк.
По разводот од неговата трета сопруга, Гвадалупе (Лупе) Марин, Ривера се оженил со многу помладата Фрида Кало, една од најмаркантните жени-сликарки во историјата на уметноста. Тие се запознале кога таа била студентка. Кога се венчале таа имала 22 години, а Ривера 42 години. Во септември 1930 година, Ривера ја прифатил понудата од архитектот Тимоти Л. Пфлугер за две дела поврзани со неговите дизајнерски проекти во Сан Франциско, па така Ривера и Кало заминуваат за Сан Франциско. Таму Ривера сликал мурал за Градскиот клуб на берзата. Тој, исто така, изработил фреска за Калифорниското училиште за ликовни уметности, дело кое подоцна било преместено во она што сега е галеријата Диего Ривера во Институтот за уметност во Сан Франциско.
Неговиот мурал – „Човекот на крстопат“, првично дело со три панели, бил започнат како порачка од Џон Д. Рокфелер Помладиот во 1933 година за центарот „Рокфелер“ во Њујорк, а подоцна е отстранет, бидејќи вклучувал портрет на Владимир Илич Ленин и друга марксистичка и проработничка содржина. Синот на Рокфелер, печатот и дел од јавноста, бурно протестирале и барале тие содржини да бидат отстранети , но Ривера одбил па, така, иако целосно бил исплатен, муралот бил отстранет. Како одговор на обвинувањата, тој изјавил: „Го сликам она што го гледам: балада со уметнички интегритет“. Како резултат на негативниот публицитет, официјалните лица во Чикаго ја откажале својата нарачка, Ривера да наслика мурал за Светскиот саем во Чикаго.
Во декември 1933 година, Ривера се враќа во Мексико и повторно го слика „Човекот на крстопат“ во 1934 година во Паласио де Белас Артес во Мексико Сити, нарекувајќи ја оваа верзија „Човекот, контролор на универзумот“.
На 5 јуни 1940 година, повторно бил поканет од Пфлугер, така што Ривера за последен пат заминува во Соединетите Држави за да наслика мурал со десет панели за меѓународната изложба „Голден гејт“ во Сан Франциско. Неговото грандиозно дело, „Панамериканско единство“, е завршено на 29 ноември 1940 година.
Ривера починал на 24 ноември 1957 година (на 70-годишна возраст) во Мексико Сити.

Трајче Чатмов



# „Војната нема женско лице“

## Книга за емотивни исповеди и сеќавања




Светлана Алексиевич е родена во 1948 година во Ивано-Франковск (Украина) од татко Белорусин и мајка Украинка. Таа живее во Минск (Белорусија). Нејзините книги се преведени на повеќе од 30 јазици и биле основа на десетина драмски поставки. Според нејзини сценарија се снимени дваесетина документарни филмови. Светлана Алексиевич е добитничка на огромен број награди. Светлана Алексиевич, која е новинарка по вокација, со своето дело создава сосема нов, нефикциски жанр – „роман од гласови“. Градејќи го овој жанр од книга во книга, таа постојано ја усовршува естетиката на својата документаристичка проза, која се базира на стотици интервјуа.

Во 2015 година, Нобеловата награда за литература ја доби белоруската писателка Светлана Алексиевич, најмногу за своето епохално дело, романот „Војната нема женско лице“. Романот е светски бестселер и е преведен на повеќе јазици. Книгата е издадена на македонски јазик од издавачката куќа „Антолог“ од Скопје, преведена од Игор Станојоски

Оваа нејзина вештина овозможила да го претвори оригиналниот глас на нејзините соговорнички во уметничка панорама на душите.
Книгата „Војната нема женско лице“ првпат е објавена во 1985 година, но авторката ја дополнила во 2002 година, преработувајќи ги деловите што биле цензурирани и додавајќи нови материјали што првично не било дозволено да се објават. Светлана Алексиевич е првата новинарка којашто е наградена со Нобелова награда за литература. Книгата „Војната нема женско лице“ е почеток на нејзиниот циклус книги, насловена како „Гласови на утопијата“, книги во кои животот во Советскиот Сојуз е прикажан низ перспективата на индивидуалецот.

Освен со овој циклус, авторката е позната и по серијалот за нуклеарната катастрофа во Чернобил, насловен како „Гласовите на Чернобил“. Комитетот на Кралската шведска академија на науките, кој ја доделува Нобеловата награда, го нарече пишувањето на Светлана Алексиевич „споменик на храброста и страдањето на нашето време“. „Со текстовите за Чернобил, за советската војна во Авганистан, и за неисполнетите надежи за слободна земја по распадот на советската империја таа, преку трагичната хроника на луѓето овозможува да се почувствуваат егзистенцијалните разочарувања“, пишува во образложението за наградата.

„Војната нема женско лице“ е една од најпознатите книги за војната. За време на Втората светска војна, околу еден милион жени се бореле на страната на Црвената армија, но за нив никогаш ништо не се пишувало. Оваа книга ги собира на едно место спомените на стотици жени-снајперистки, тенкистки, болничарки. Ова е приказна за жените во текот на војната. Овие жени, повеќето за првпат во својот живот, ја раскажуваат нехеројската страна на војната, која најчесто не е присутна во сеќавањата на ветераните. Тие говорат за валканоста и за студот, за гладот и за сексуалното насилство, за проблемите и за „сенката“ на смртта.

Светлана Алексиевич на книгата работела четири години и притоа посетила преку сто мали и големи градови и села и контактирала со жени кои учествувале во Втората светска војна и ги бележела нивните приказни и сеќавања.

Советскиот печат оваа книга ја опишувал како „впечатлив извештај за одамна минати времиња кои влијаеле на судбината на целиот народ“. Ќе кажеме дека епизодите опфатени во книгата за настаните на првата линија





на фронтот и не се толку важни колку што се значајни вознемирувачките искуства на жените во војната. Во сеќавањата на овие жени, минатото, страсно и емотивно ѝ се обраќа на иднината и го крева својот глас против минатиот и сегашниот фашизам.

Самата Светлана Алексиевич за својата книга кажува дека во неа не пишува за војната туку пишува за човекот и војната. Светлана не пишува историја за војната, туку пишува историја на чувствата во војната. Хероините од нејзините приказни, некои сè уште малолетни, доброволно, по нападот од страна на Германија на СССР, заминале на фронтот. Сите овие жени верувале дека татковината треба да се брани со оружје, директно, а не со работа во заднината на фронтот. Некои од нив покажале исклучителна храброст и по војната, а за својата храброст биле и одликувани, а голем број од нив и загинале во борбените редови.

Тие што зборуваат во книгата се едногласни дека враќањето во нормала после војната било мошне тешко и исполнето со предизвици. Разговорот со Светлана Алексиевич за овие жени претставувал единствена можност да проговорат за сите ужаси и страдања кои како жени го доживеале во војната.

Книгата претставува своевидна збирка на женски гласови за време на војната. Секој глас има своја посебна приказна. Приказна за гладните деца во војната и напорот да им се помогне и да се заштитат невините деца да не умрат од глад, при што се подготвени да им го дадат последното парче леб на децата кои плачат. Други, надминувајќи го стравот, одат во полињата и им помагаат на ранетите, ги негуваат, им ги превиваат раните, се грижат за нив додека не застанат на сопствени нозе. Други се сеќаваат за тоа како самите тие за да преживеат морале да ги убиваат непријателите и тоа на најразлични начини, за кои не може ни да се размислува при нормални околности.

Во целата книга „Војната нема женско лице“, за сите овие сурови и крвави случувања се говори од перспектива на жените, кои своеволно или неволно, учествувале во војната. Жените ги изгубиле своите домови, своите родители, сопрузи и деца во тоа неправедно време. Целата нивна младост, нивните надежи и соништа се уриваат преку ноќ и нивните животи се претвораат во пекол. Од фронтовите се враќаат со побелени коси на 20 години, добиле ордени и награди за храброста, за победата. Мошне е тешко да се замисли како тие жени, кои го поминале сето тоа страдање, успеваат да се вратат во секојдневието, како жени домаќинки, сопруги, мајки, жени кои сакаат да се дотераат, да одат да танцуваат и слично. Авторката во својата книга ги собрала сите спомени, притоа создавајќи едно тешко но витално литературно дело. Оваа книга сведочи дека во минатото се направени страшни грешки, кои најмногу се одразиле на обичниот човек. Војната е страшно и сурово време и не смее да се дозволи да се повтори.

Книгата „Војната нема женско лице“, наиде на исклучително добар прием и кај книжевната критика, но и кај обичната читателска публика. Само во земјите од бившиот Советски Сојуз романот беше продаден во повеќе од два милиони примероци.

Кристина Трајановска



# Китка – планинска убавина н

Китка е планина која се наоѓа југоисточно од градот Скопје, на 30 километри од центарот. Таа е дел од најголемиот македонски планински масив Мокра Планина и претставува негова североисточна гранка. На запад се поврзува со планината Караџица, а на југ со Голешница. Највисок е истоимениот врв Китка, со надморска височина од 1.588 метри, а на билото се истакнува и врвот Краста (1.445 м) и препознатливите карпести облици. Билото на планината Китка претставува вододелница на долините на Маркова и Кадина Река.
На планината се обележани повеќе планинарски патеки кои се дел од трансферзалата „Македон“, која оди кон Солунска Глава, а таму е и возобновениот планинарски дом „Китка“, како и туристичката викенд-населба „Мала Река“.
Патот што води до комплексот со вили е повеќе рурален и особено тешко се минува кога времето е влажно или снежно.
Комплексот е опкружен со зеленило. Една од најпозитивните страни е тоа што планината е многу богата со флора, што значи дека има повеќе од 20 видови дрвја и диви плодови како што се: бобинки, јагоди, каца и друго.
Освен зимската сезона, која нуди пријатен одмор во овој рекреативен центар, летната сезона носи невидена убавина во која може да се ужива во овој комплекс на вили.
Тоа е единственото место каде што менувањето на годишните времиња се случува многу брзо и во мај може да се доживеат снежни задоволства.
Комплексот содржи шест куќи, опремени со мебел, кои имаат снабдување со електрична енергија, со вода и со поволни услови кои ги задоволуваат потребите на посетителите.
Местото е погодно и препорачано од медицинските работници за стари лица и за деца, особено за лица кои имаат здравствени проблеми со органите за дишење.

Кристина Илиевска



# а само еден час од Скопје













